# Извештај за транспарентност за 2017 година

**КПМГ Македонија ДОО Скопје**

kpmg.com/mk

# Содржина

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

**Порака од нашиот Управител**

**1 Кои сме ние**

**2 Нашата структура и управување**

**3 Систем за контрола на квалитет**

**4 Финансиска информација**

**5 Надоместок на Партнерите и информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

**6 Организација на мрежата**

**7 Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност**

**Прилог 1:** Субјекти над кои е извршена ревизија заклучно со 31 декември 2017 година

**Прилог 2:** Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени

**Прилог 3:** Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност

**Вредности на КПМГ**

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Порака од нашиот Управител



Со задоволство ви го презентираме Извештајот за транспарентност на КПМГ во Македонија за 2017 година, кој ја претставува структурата и управувањето на КПМГ во Македонија, како и процедурите за контрола на квалитет и стандардите за интегритет што ги применуваме при извршувањето на нашите услуги.

КПМГ Македонија има значајна улога во македонската економија и како одговорен бизнис ние се стремиме да бидеме транспарентни и отворени за тоа како работиме и како одговараме на динамичното деловно опкружување и зголемените очекувања на јавноста.

Посветеноста на квалитет и интегритет е во основата на нашата глобална стратегија и визија. Оваа посветеност е клучна за исполнување на нашите одговорности и градење на длабоко чувство на доверба со нашите клиенти, нашите вработени и пошироката јавност.

Ние ќе продолжиме со иновирање во ревизорската практика преку употреба на технологија и примена на нови процеси и алатки кои ни овозможуваат да останеме релевантни и да обезбедуваме квалитетни ревизорски услуги.

Ние веруваме дека овој извештај ќе ви биде корисен за разбирање на тоа како работиме и ве охрабруваме да стапите во контакт со нас ако сакате да разговарате за било какви прашања наведени во овој извештај.




**Гордана Никушевска**
**Управител**
**КПМГ Македонија ДОО Скопје**

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Кои сме ние

**Секција 1**

КПМГ МАКЕДОНИЈА
Е ВОДЕЧКО ДРУШТВО
ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛУГИ
ВО ЗЕМЈАТА.

## 1.1 Нашата работа

Друштво за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје е друштво за професионални услуги од областа на ревизија. КПМГ Македонија е друштво специјализирано за ревизија и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, регистрирано во регистарот на Друштва - Овластени ревизори под број 10.

Друштвото работи во Република Македонија преку својата канцеларија во Скопје.

Понатамошни детали за нашите услуги кои ги нудиме може да најдете на нашата веб-страна на следниот линк: www.kpmg.com/mk.

## 1.2 Нашата стратегија

Стратегијата на КПМГ во Македонија е утврдена од страна на партнерите врз основа на четири приоритети: ние сме пазарно фокусирани, се водиме според актуелни прашања, поттикнати сме од оперативната совршеност и имаме култура на високи перформанси.

Преку овие приоритети, нашата заедничка визија е да бидеме јасен избор. Ова подразбира да бидеме една од водечките фирми за мултидисциплинарни професионални услуги во Македонија и да обезбедуваме квалитетни услуги на сите наши клиенти, поставувајќи го квалитетот на централно место во нашата агенда. Како организација ние силно веруваме дека со привлекување на извонредни луѓе и со примена на нашата длабока експертиза и познавање на различните оддели, ние сме во состојба да испорачаме вистински резултати во корист на нашите клиенти и нашата заедница.

Ние продолжуваме да ги градиме нашите способности за задоволување на потребите на клиентите во дигиталната ера, особено во областа на дигитална трансформација и податоци и аналитика (Data & Analytics).

[1] Во овој документ, “КПМГ” (“КПМГ Македонија”, “Друштвото”, “Фирмата”, “Компанијата”, “ние”, “наши” и “нас”) се однесува на КПМГ Македонија ДОО. КПМГ Македонија ДОО е фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”). КПМГ Интернешнл, швајцарско правно лице, не обезбедува услуги за клиенти.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Нашата структура и управување

**Секција 2**

НАШАТА СТРУКТУРА ОБЕЗБЕДУВА КОНТИНУИТЕТ И СТАБИЛНОСТ И НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ НА СЕТ ОД ВРЕДНОСТИ НА КПМГ.

## 2.1 Правна структура и сопственост

КПМГ Македонија е асоцирано со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”). КПМГ Интернешнл е швајцарски кооператив кој е правно лице формирано според Швајцарскиот закон. Тоа е ентитет со кој се асоцирани сите фирми-членки на КПМГ мрежата. Повеќе детали во врска со КПМГ Интернешнл и неговиот бизнис, вклучувајќи го и нашиот однос со него, се достапни во Прилог 1 на Меѓународниот извештај за транспарентност на КПМГ.

КПМГ Македонија е дел од глобална мрежа на професионални фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и консултантски услуги за широк спектар на организации од јавниот и приватниот сектор. Структурата на КПМГ Интернешнл е дизајнирана за поддршка на конзистентноста во квалитетот на услугите и почитување на договорените вредности насекаде каде работат фирмите.

КПМГ Македонија е друштво со ограничена одговорност, основано на 8 ноември 1995 година согласно Законот за трговските друштва на Република Македонија, регистрирано во Трговскиот регистар на Република Македонија под ЕМБС 5078598, со регистрирано седиште на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 3, 7-ми кат, Соравиа Центар Скопје,1000 Скопје, Република Македонија.

КПМГ Македонија е друштво регистрирано за вршење на дејноста ревизија и за други дејности од внатрешниот и надворешниот промет и поседува соодветна Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-334/1 од 12 јули 2013 година и Регистарски број на лиценца 13 издадена од страна на Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Во моментот, сопственичката структура е следната:

- Гордана Никушевска, овластен ревизор, сопственик на 26% удел во Друштвото во износ од 3.604 евра;
- Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор, сопственик на 25% удел во Друштвото во износ од 3.465 евра; и
- КПМГ ЦЕЕ Холдингс лимитед, со седиште на ул. Еспередон бр. 12, 4ти кат, 1087 Никозија, Кипар, сопственик на 49% удел во друштвото во износ од 6.791 евра. КПМГ ЦЕЕ Холдингс лимитед е друштво за ревизија регистрирано во Кипар.

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 13,860 евра.

Сопственичката структура на Друштвото, неговите органи на управување и сите други околности кои се предмет на упис во согласност со законот се регистрирани и се јавно достапни во Трговскиот регистар.

Бројот на вработените на неопределено време во Друштвото на 31 декември 2017 година изнесуваше 37 лица од кои:

- 34 вработени на полно работно време; и
- 3 вработени на скратено работно време.
- Бројот на вработените на неопределено полно и скратено работно време во Друштвото заклучно со 30 март 2018 година изнесува 34 лица од кои:
- 31 вработен на полно работно време; и
- 3 вработени на скратено работно време.

Приоритетната дејност/главна приходна шифра на Друштвото претставува: 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

КПМГ Македонија има годишно осигурување од одговорност засновано со Полиса бр.130400000416/00 која го покрива периодот на осигурување од 01.06.2017 - 01.06.2018 година и кое го исполнува минималното барање за сума на покриеност по настан од 400.000 евра (приближно 24.600.000 денари).

## 2.2 Назив, сопственост и правни односи

„KPMG” е регистриран заштитен знак на КПМГ Интернешнл и е називот со кој фирмите-членки , вклучително и КПМГ Македонија се општо познати. Правата на фирмите-членки да го користат името и знаците на KPMG се содржани во договорите со КПМГ Интернешнл.

Фирмите-членки генерално се во локална сопственост и локално се управувани. Секоја фирма-членка е одговорна за своите сопствени обврски и одговорности. КПМГ

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Интернешнл и другите фирми-членки не се одговорни за обврските и одговорностите на фирмата-членка.

Фирмите-членки може да се состојат од повеќе од еден посебен правен субјект. Ако ова е случај, секое посебно правно лице, ќе биде одговорно само за своите сопствени обврски и одговорности, освен ако не е изрично поинаку договорено.

## 2.3 Одговорности и обврски на фирмите-членки

Според договорите со КПМГ Интернешнл, од фирмите-членки се бара да се во согласност со политиките и прописите на КПМГ Интернешнл вклучувајќи стандарди за квалитет кои регулираат како тие работат и како обезбедуваат услуги за клиенти за поефективна конкурентност. Ова вклучува цврста структура која обезбедува континуитет и стабилност и можност за прифаќање на глобалните стратегии, споделување на ресурси (влезни и излезни), пружање услуги на мултинационални клиенти, управување со ризик и развивање на глобални методологии и алатки.

Секоја фирма-членка ја презема одговорноста за своето управување и квалитетот на својата работа.

Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички сет од Вредности на КПМГ.

Активностите на КПМГ Интернешнл се финансирани од износите платени од страна на фирмите-членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор и конзистентно применета на фирмите-членки. Статус на фирмата како фирма-членка на КПМГ и нејзиното учество во мрежата на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, таа не била во согласност со политиките и прописите утврдени од страна на КПМГ Интернешнл или било која друга обврска кон КПМГ Интернешнл.

## 2.4 Структура на управување

Ние применуваме високи стандарди на корпоративно управување.

Клучни управувачки и раководни органи на КПМГ Македонија се собирот на содружници и управителите.

Друштвото има двајца управители:

- Гордана Никушевска, овластен ревизор и
- Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор

Управителите раководат и го претставуваат Друштвото самостојно.

Партнерите и управителите се одговорни за утврдување на политиката, развивање на бизнис план во рамките на целокупната стратегија на КПМГ Интернешнл, заедно со нејзино последователно спроведување.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Систем за контрола на квалитет

**Секција 3**

ВО КПМГ, КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗИЈАТА НЕ Е САМО ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ВИСТИНСКОТО МНЕНИЕ, ТУКУ И КАКО Е ДОЈДЕНО ДО ТОА МНЕНИЕ.

## 3.1 Преглед

Обемен и конзистентен систем на контрола на квалитетот е суштински услов за вршење на услуги со висок квалитет. Според тоа, КПМГ Интернешнл има политики за контрола на квалитет кои се применуваат на сите фирми-членки. Тие се вклучени во Глобалниот прирачник на КПМГ за квалитет и управување со ризик (Global Q&RM Manual) кој е на располагање на сите вработени. Овие политики и поврзани процедури се дизајнирани да им помогнат на фирмите-членки кон усогласување со релевантните професионални стандарди, регулаторни и правни барања и издавање на извештаи кои се соодветни во дадените околности, како и да им помогнат на вработените на фирмата членка да делуваат со интегритет и објективност и да ја извршуваат својата работа со внимание.

Овие политики и процедури се засновани на Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1 („ISQC 1“) објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Стандарди за Ревизија и Уверување („IAASB“), и Кодексот на Етика за Професионални Сметководители објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди за Сметководители („IESBA“). И двата документи се важечки за фирмите членки кои вршат законска ревизија и други ангажмани за уверување и поврзани ангажмани.

КПМГ Македонија ги имплементира политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и усвојува дополнителни политики и процедури кои се дизајнирани да одговорат на правилата и стандардите издадени од страна на Институтот на овластени ревизори на РМ и други релевантни регулаторни тела, како и важечките законски и регулаторни барања[2]. Со интегрирањето на клучните политики и процедури, овој систем исто така го олеснува усогласувањето со релевантните правила и прописи на Институтот на овластените ревизори во РМ, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и други релевантни регулаторни тела.

Измените на политиките за ризици и квалитет, вклучувајќи ги и политиките за етика и независност, се вклучени во комуникацијата за управување со квалитет и ризик и се комуницираат по електронски пат. Од КПМГ Македонија се бара да ги имплементира промените наведени во електронската пошта и ова се проверува преку внатрешен мониторинг.

Контролата на квалитетот и управувањето со ризикот се одговорност на сите вработени во КПМГ Македонија. Оваа одговорност ја вклучува потребата да ги разберат и да се придржуваат до политиките и поврзаните процедури на фирмите-членки при извршување на нивните секојдневни активности. Системот на контрола на квалитет се применува за вработените на КПМГ било каде да се лоцирани.

Додека голем број процеси на контрола на квалитетот на КПМГ се применуваат во сите оддели и се однесуваат подеднакво и на даночната и советодавна работа, остатокот од оваа секција се фокусира на извршување на квалитетни ревизии.

## 3.2 Рамка за квалитет на ревизија

Во КПМГ Македонија, квалитетот на ревизијата не е само за постигнување на вистинското мнение, туку како тоа мнение е постигнато. Станува збор за процесите, размислувањето и интегритетот зад извештајот на независните ревизори. Исходот на квалитетна ревизија е издавање на соодветно и независно мнение во согласност со релевантни професионални стандарди и важечки законски и регулаторни барања.За да им помогнеме на сите професионалци во ревизијата да се концентрираат на основните вештини и поведенија, потребни за спроведување на квалитетна ревизија, КПМГ Интернешнл ја разви Рамката за Квалитет на Ревизија. Оваа Рамка користи заеднички јазик кој е усвоен од страна на сите фирми-членки на КПМГ, вклучително и КПМГ Македонија, за да се опише она за што мрежата на КПМГ верува дека дава поттик за квалитетот на ревизијата, како и да се потенцира дека секој професионалец во ревизијата во секоја фирма-членка на КПМГ придонесува во испораката на квалитет на ревизијата.

[2] Сите упатувања на “Политики на КПМГ” или “наши политики” се однесуваат на политиките на КПМГ Интернешнл и на дополнителните политики на КПМГ Македонија заедно.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

“Ставот на врвот” го претставува јадрото на седумте двигатели на Рамката за Квалитет на Ревизија и помага да бидеме сигурни дека вистинското поведение е проткаено низ целата мрежа на КПМГ. Сите останати двигатели се презентирани во круг, бидејќи секој од нив има за цел да ги зајакне останатите. Секој од седумте клучни двигатели е подетално опишан во следните делови на овој извештај.




## 3.3 Став на врвот

Културата на КПМГ Интернешнл и фирмите членки на КПМГ се поткрепени со силен збир на вредности и пропратни политики и процеси и овозможува вистинските ставови и поведенија да се проткајуваат низ мрежата на КПМГ. Во КПМГ Македонија, ние промовираме култура во која консултацијата се охрабрува и се признава како силна страна.

Став на врвот значи дека раководството на КПМГ Македонија покажува посветеност на квалитет, етика и интегритет и ја комуницира својата посветеност со клиенти, заинтересирани страни и општеството во целост.

Интегритетот е критична карактеристика што заинтересираните страни ја очекуваат и се потпираат на неа. Тоа е исто така клучна Вредност на КПМГ - “Пред се, ние дејствуваме со интегритет”. Интегритет значи постојан стремеж да се почитуваат највисоките професионални стандарди, обезбедување на солиден и квалитетен совет на нашите клиенти и ригорозно одржување на независност.

Вредностите на КПМГ, кои експлицитно се дефинирани повеќе години, во КПМГ Македонија се вградени во работните практики и култура на усогласеност заснована на вредности. Нашите вредности ја формираат основата на нашата култура и го поставуваат ставот на врвот. Тие, исто така ја формираат основата на нашиот пристап кон ревизијата и го обликуваат нашето заедничко работење.

Ние јасно ги комуницираме нашите Вредности со нашите луѓе и ги вградуваме во процесите поврзани со луѓето - воведување, развој на перформансите и наградување. Посебно внимание се посветува на нашите Вредности на КПМГ при унапредување на повисоко ниво, вклучувајќи и Партнер. Вредностите на КПМГ се дадени овде.

### Кодекс на однесување

Надградба на Вредностите на КПМГ е Глобалниот Кодекс на однесување на КПМГ Интернешнл. Фирмите членки, вклучувајќи ја и КПМГ Македонија, се обврзани да го усвојат, како минимум, Глобалниот кодекс на однесување.

Кодексот на Однесување на КПМГ Интернешнл ги вклучува Вредностите на КПМГ и ги дефинира стандардите за етичко однесување кои се бараат од сите луѓе во КПМГ. Тој ги поставува нашите етички принципи и им помага на партнерите и вработените во КПМГ Македонија да ги разберат и да ги почитуваат тие принципи. Покрај тоа, Кодексот на Однесување нагласува дека секој партнер и вработен е лично одговорен за следење на законските, професионалните и етичките стандарди кои се однесуваат на неговата или нејзината работна функција и нивото на одговорност. Кодексот на однесување вклучува одредби со кои се бара вработените на КПМГ да:

- Бидат во согласност со сите применливи закони, регулативи и со политиките на КПМГ Македонија
- Пријавуваат секакви незаконски акти, без разлика дали се извршени од страна на вработените на КПМГ Македонија, клиентите или останати трети страни
- Известат за прекршување на политиките на КПМГ
- Ги почитуваат највисоките нивоа на доверливост кон клиенти
- Не нудат, ветуваат, прават, бараат или прифаќаат поткуп (било директно или преку посредник).

Од сите вработени во КПМГ Македонија се бара да:

- Го потврдат нивното разбирање на, и усогласеност со Кодексот на однесување по приклучувањето кон фирмата, и потоа на годишно ниво; и
- Да ја завршат обуката за Кодексот на однесување по приклучувањето кон фирмата и потоа на двегодишна основа.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Нашите вработени се охрабруваат да ја искажат својата загриженост кога ќе видат однесувања или активности кои не се во согласност со нашите Вредности или професионални одговорности и се обврзани да го сторат тоа кога гледаат прекршувања на политиките, законите и прописите на КПМГ и професионалните стандарди.

Ние имаме процедури и воспоставени канали за комуникација, така што нашите вработени можат да известуваат за етички прашања и прашања на квалитет и поединците кои пријавуваат со добра намера, нема да бидат предмет на негативно влијание, без оглед на тоа дали загриженоста во крајна линија е потврдена.

Дополнително, итната линија на КПМГ Интернешнл е механизам за партнерите, вработените, клиентите и други надворешни страни на КПМГ, преку кој доверливо можат да ја искажат својата загриженост во врска со одредени области на активност од страна на самото КПМГ Интернешнл, фирмите членки на КПМГ или повисокото раководство или вработените во фирма-членка на КПМГ.

Во КПМГ Македонија ние редовно го следиме степенот до кој нашите вработени сметаат дека ги живееме нашите Вредности преку Глобална анкета на вработените (дел 3.6.6 Увид од нашите луѓе – Глобална анкета на вработените (Global People Survey - GPS).

## 3.3.1 Одговорност на раководството за квалитет и управување со ризик

КПМГ Македонија демонстрира посветеност на квалитет, етика и интегритет и го комуницира својот фокус на квалитетот со клиентите, заинтересираните страни и општеството. Нашето раководство игра клучна улога во утврдувањето на вистинскиот став и водењето со пример - демонстрирајќи непоколеблива посветеност на највисоките стандарди за професионална извонредност и залагање и поддршка на важни иницијативи.

Нашиот лидерски тим е посветен на градење на култура заснована на квалитет, интегритет и етика, што го демонстрира преку своите активности - писмена и видео комуникација, презентации на тимови и дискусии еден-на-еден.

Следните лица имаат лидерски одговорности за квалитет и управување со ризик во КПМГ Македонија.

### Раководен Партнер

Во согласност со принципите во МСКК 1, нашиот Раководен Партнер ја презема крајната одговорност за системот за контрола на квалитет на КПМГ Македонија.

### Партнер за Управување со ризик

Оперативната одговорност за системот за контрола на квалитет, управување со ризик и усогласеност во КПМГ Македонија, е делегирана на Партнерот за Управување со ризик , кој е одговорен за поставување на севкупни политики за професионално управување со ризик и контрола на квалитет и мониторинг на усогласеноста на Друштвото. Партнерот за Управување со ризик има директна линија на известување до Раководниот Партнер. Таа се консултира со назначените Регионални раководители за квалитет и управување со ризик на КПМГ. Сениорската поставеност на линиите за известување ја подвлекува важноста која Друштвото ја посветува на прашањата од областа на ризик и квалитет. Партнерот за Управување со ризик е поддржан од централен тим за квалитет и управување со ризик и од тим на партнери и професионалци во секој од одделите.

### Партнер за Етика и независност

Партнерот за Етика и независност има примарна одговорност за насочување и извршување на политиките и процедурите за етика и независност во КПМГ Македонија и известување за прашања поврзани со етика и независнос до Раководниот Партнер и Партнерот за Управување со ризик.

### Оддели за Ревизија, Даночни и Советодавни услуги – Раководители на Оддели

Раководителите на одделите за услуги на клиенти (Ревизија, Даночни услуги, Советодавни услуги) се одговорни пред Раководниот Партнер за квалитетот на услугите извршени во рамки на нивните оддели. Помеѓу нив, тие го утврдуваат функционирањето на процедурите за управување со ризик, обезбедување на квалитетот и мониторинг за нивните специфични оддели во рамката поставена од страна на Партнерот за Управување со ризик. Овие процедури појаснуваат дека на ниво на ангажман, управувањето со ризик и контрола на квалитет е крајна одговорност на сите професионалци.

Нашиот раководител на ревизија е одговорен за водење на одржлива висококвалитетна практика на ревизија која е привлечна за вработените во КПМГ. Ова вклучува:

- Поставување на вистинскиот “став на врвот”, со покажување на непоколеблива посветеност на највисоките стандарди за професионална извонредност, вклучувајќи скептицизам, објективност и независност
- Развивање и спроведување на стратегии за следење и одржување на знаење и вештини неопходни за

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

партнерите и вработените да ги исполнат своите професионални обврски

- Работење со Партнерот за управување со ризик, за следење и осврт на работи поврзани со квалитетот на ревизија и ризик, кога тие се однесуваат на ревизорската практика, вклучувајќи годишна оценка на активностите кои се сметаат за клучни за квалитетот на ревизијата.

### Раководен тим на ревизија

Раководниот тим на ревизија во КПМГ Македонија одржуваше состаноци кои вклучуваа редовни дискусии за тековните и нови прашања за квалитетот на ревизијата кои произлегуваат од надворешни и внатрешни процеси за контрола на квалитет, прашања кои се покренати од страна на тимовите на ангажмани, процедури за анализа на главните причини и други прашања за квалитет идентификувани од различни извори. За ова се дебатираше, беа разгледувани други забелешки собрани од тимовите кои се среќаваат со клиенти и беа договорени активности. Вообичаено, повеќето од овие активности се краткорочни, во кој случај тие се развиени и комуницирани преку редовни технички брифинзи доставени на целиот оддел за ревизија, како и доколку се сметаат за доволно значајни, во следната задолжителна обука. За посложени прашања (што може да бара измени и дополнувања на глобалната методологија за ревизија или алатките за ревизија на КПМГ), тие би се доставиле до Глобалните оддели за ревизија на КПМГ Интернешнл за разгледување и потенцијален развој од страна на Глобалниот центар за услуги (ГЦУ) и Групата за меѓународните стандарди (ГМС). За повеќе информации во врска со ГЦУ и ГМС, погледнете ги деловите Глобален центар за услуги (ГЦУ) и Група за меѓународни стандарди (ГМС).

## 3.4 Асоцијација со вистинските клиенти

Ригорозните политики и процедури за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани помагаат да се заштити репутацијата на КПМГ, да се поддржи нашиот бренд и се важен дел од нашата способност да обезбедиме висококвалитетни професионални услуги.

### 3.4.1 Прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани

КПМГ Интернешнл има воспоставено политики и процедури кои се бара да се имплементираат од сите фирми-членки со цел да се одлучи дали да се прифати или продолжи соработката со клиентот и дали да се изврши одреден ангажман за тој клиент.

### 3.4.2 Процес на прифаќање на соработка со клиенти и ангажмани

#### Евалуација на клиенти

КПМГ Македонија спроведува евалуација на секој потенцијален клиент.

Ова вклучува оценка на раководството на потенцијалниот клиент, бизнисот, како и други прашања поврзани со услугата. Ова, исто така вклучува добивање и анализирање на информации за запознавање со потенцијалниот клиент, неговиот клучен менаџмент и значајни сопственици. Клучен фокус се става на интегритетот на менаџментот на потенцијалниот клиент и при евалуацијата се зема во предвид  евентуалното кршење на законите и прописите, заштита од поткуп и корупција и етички деловни практики, вклучително човекови права, помеѓу факторите кои треба да се анализираат.

Втор партнер, како и партнерот кој ја врши евалуацијата го одобруваат оценувањето на секој потенцијален клиент. Каде што клиентот се смета за “високо ризичен”, Партнерот за управување со ризик или искусен делегат е вклучен во одобрување на оценката.

#### Евалуација на ангажмани

Секој потенцијален ангажман исто така се оценува за да се идентификуваат потенцијалните ризици поврзани со ангажманот.  Како дел од оваа оценка се земаат во предвид повеќе фактори, вклучувајќи ги и потенцијалните прашања за независност и конфликт на интереси (со користење Sentinel™ глобален систем за проверка на конфликти и независност на КПМГ), како и голем број на фактори специфични за видот на ангажманот.За ревизорските услуги тие ја вклучуваат компетентноста на финансискиот менаџерски тим на клиентот и вештините и искуството на персоналот назначен на ангажманот. Евалуацијата се врши во консултација со останатиот поискусен персонал на КПМГ Македонија и вклучува проверка од страна на раководството за квалитет и управување со ризик, каде што е потребно.

Онаму каде ревизорските услуги треба да бидат обезбедени за прв пат, потенцијалниот ангажиран тим треба да спроведе дополнителни процедури за оценка на независност, вклучувајќи и преглед на сите неревизорски услуги за клиентот, како и други релевантни деловни и лични односи.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Слични проценки за независност се вршат кога постоечки клиент за ревизија станува правно лице од јавен интерес или кога се применуваат дополнителни ограничувања за независност по промена на околностите на клиентот.

Ние следиме специфични постапки (подетално подолу во делот Процес на одобрување на независност) со кои се идентификуваат и се оценуваат заканите по независноста на потенцијалните клиенти за ревизија кои се правни лица од јавен интерес.

Во зависност од вкупната оценка за ризик од потенцијалниот клиент и ангажман, можат да се воведат дополнителни заштитни мерки за да се намалат идентификуваните ризици. Сите потенцијални прашања за независност или конфликт на интереси е потребно да се документираат и се решаваат пред прифаќањето на ангажманот.

Потенцијален клиент или ангажман ќе биде одбиен доколку некое потенцијално прашање за независност или конфликт не може да се реши на задоволителен начин во согласност со професионалните стандарди и нашите политики, или ако постојат други прашања на квалитет и ризик кои не можат соодветно да се намалат.

### 3.4.3 Процес на продолжување

КПМГ Македонија спроведува годишна ре-евалуација на сите свои ревизорски клиенти. Ре-евалуацијата ги идентификува сите прашања во врска со континуираната поврзаност и сите постапки за ублажување кои треба да се превземат (ова може да вклучува назначување на дополнителни професионалци, како што е Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот (Engagement Quality Control Reviewer – EQCR) или потребата да се вклучат дополнителни специјалисти во ревизијата).

Повторливите или долготрајните неревизорски ангажмани се исто така предмет на ре-евалуација.

Дополнително, клиентите и ангажманите треба да се ре-евалуираат ако постои индикација дека може да има промена во нивниот профил на ризичност.

### 3.4.4 Повлекување

Онаму каде што добиваме информации кои укажуваат дека треба да се повлечеме од ангажманот или од клиентот, ние интерно се консултираме и ги идентификуваме сите потребни правни и регулаторни чекори. Ние исто така комуницираме, доколку е потребно, со оние кои се одговорни за управувањето и било кој друг соодветен орган.

### 3.4.5 Управување со портфолиото на клиенти

За секој ангажман се назначуваат Партнери на ангажмани и овластени ревизори кои имаат соодветна надлежност, способности, време и овластувања да ја вршат улогата.

Портфолиото на клиенти на секој Партнер редовно се прегледува од страна на Раководителот на ревизија за да осигура дека тие имаат доволно време да управуваат со портфолиото и да осигура дека има соодветно управување со ризиците.

## 3.5 Јасни стандарди и обемни алатки за ревизија

Од сите професионалци во КПМГ Македонија се очекува да се придржуваат до јасните политики и процедури на КПМГ Интернешнл и КПМГ Македонија (вклучувајќи политики на независност)На нив им се обезбедуваат голем број на алатки и упатства за да им се помогне во исполнувањето на овие очекувања. Поставените политики и процедури за ангажманите на ревизија ги вклучуваат соодветните барања на стандардите за сметководство, ревизија, етика и контрола на квалитетот, како и други релевантни закони и прописи.

### 3.5.1 Методологија и алатки за ревизија

Значајни ресурси се посветени на одржување на нашите стандарди и алатки, со цел да бидат комплетни и актуелни. Глобалната методологија за ревизија , развиена од страна на Глобалниот центар за услуги („ГЦУ“), се заснова на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“). Глобалната методологија за ревизија е утврдена воПрирачник за ревизија на КПМГ Интернешнл (KPMG International’s Audit Manual - KAM) и вклучува дополнителни барања кои ги надминуваат барањата на МСР за кои КПМГ Интернешнл верува дека го зголемуваат квалитетот на ревизијата. КПМГ Македонија усвои соодветни мерки со цел да одговори на локалните професионални стандарди и законски барања.

Глобалната методологија за ревизија е поддржана од eAudIT, електронска алатка за ревизија на КПМГ Интернешнл, која на ревизорите во КПМГ Македонија им ја обезбедува методологијата, упатствата и знаењето за индустријата, потребни за вршење на високо-квалитетни ревизии.

eAudIT им обезбедува на тимовите готов пристап до релевантните информации во вистинско време во текот на ревизијата, а со тоа и подобрување на ефективноста и ефикасноста и додавање на вредност на нашите заинтересирани страни.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

КАМ содржи примери и упатства меѓу другото, и за процедури наменети за идентификување и проценка на ризикот од материјално погрешно прикажување и процедури за да се одговори на овие проценети ризици.

Глобалната методологијата охрабрува користење на специјалисти кога е соодветно, и исто така бара вклучување на релевантни специјалисти во јадрото на тимот на ангажманот за ревизија кога се исполнети одредени критериуми или каде што тимот на ревизија смета дека е соодветно или неопходно.

КАМ вклучува имплементација на постапки за контрола на квалитет на ниво на ангажман кои ни обезбедуваат разумно уверување дека ангажманите се во согласност со релевантните професионални, правни и регулаторни барања, како и со барањата на политиката на КПМГ Интернешнл.

Политиките и постапките утврдени во КАМ се специфични за ревизиите и ги надополнуваат политиките и процедурите утврдени во Глобалниот прирачник за квалитет и управување со ризик (Global Quality & Risk Management Manual - GQ & RMM), кој е применлив за сите членки фирми на КПМГ, оддели и персонал и е прилагоден од страна на КПМГ Македонија за сите локални политики и процедури.

### Податоци и аналитика (Data&Analytics – D&A)

Технологијата и иновациите го менуваат начинот на кој ги извршуваме нашите ревизорски ангажмани, овозможувајќи им на нашите луѓе да испорачаат поголем квалитет и вредност. Поставувањето на податоци и аналитика (Data&Analytics – D&A) како основен дел од ревизијата на КПМГ Македонија, има клучно значење за нашата мисија за одржување на ревизорскиот квалитет.

KPMG Clara, платформата за паметна ревизија на КПМГ, беше лансирана на глобално ниво во средината на 2017 година. Таа ја става технологијата и D&A во самото срце на нашиот пристап, донесувајќи напредни способности и знаење заедно во едно опкружување. Првите чекори на локално ниво беа направени со пилот проекти и ние ќе работиме кон полна имплементација во наредниот период.

KPMG Clara ќе ги интегрира сите напредни способности и знаење на КПМГ и ќе ги поттикне нашите луѓе да работат на поумешни начини, отварајќи ја моќта на иновациите за да помогнат во обезбедувањето на обемна и врвна ревизија. Тоа е нашата порта за континуирани иновации во ревизијата и со текот на времето ќе се прават постепени дополнувања.

Повеќе детали за иновациите во алатките за ревизија и технологијата се наведени во Годишниот извештај на KPMG International.

## 3.5.2 Независност, интегритет, етика и објективност

КПМГ Интернешнл има детални политики и процедури за независност, вклучувајќи ги барањата на Кодексот на етика на ОМСЕС (IESBA). Тие се утврдени во Глобалниот прирачник на КПМГ за квалитет и управување со ризик. Автоматски алатки го олеснуваат усогласувањето со овие барања.

Овие политики се надополнети со други процеси за да се обезбеди усогласеност со стандардите поставени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНР) и со стандардите на други важечки регулаторни тела. Овие политики и процеси покриваат области како што се независност на друштвото (ги опфаќа, на пример одделите за финансии и набавки), лична независност, финансиски односи на друштвото, односи по завршување навработување, ротација на партнери и одобрување на ревизорски и неревизорски услуги.

КПМГ Интернешнл има Одговорен партнер на Глобалната група за независност, кој е поддржан од тим на специјалисти за да се осигура дека во фирмите членки на КПМГ се применуваат обемни и конзистентни политики и процедури за независност и дека им се достапни алатки за да им помогнат на нив и нивните вработени во усогласувањето со овие барања.

КПМГ Македонија има одредено Партнер за етика и независност, кој има примарна одговорност за насочување и спроведување на политики и процедури за етика и независност во КПМГ Македонија.

Измените и дополнувањата на политиките за етика и независност на КПМГ Интернешнл во текот на годината се вклучени во редовните комуникации за квалитет и ризик. Од фирмите-членки се бара да ги имплементираат измените согласно електронските известувања, а тоа се проверува преку интерни програми за следење опишани во делот 3.9.1.Внатрешен мониторинг и програми за усогласување.

Од вработените во КПМГ Македонија се бара да се консултираат со Партнерот за етика и независност за одредени прашања како што е дефинирано во Глобалниот прирачник за квалитет и управување со ризик.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

### Лична финансиска независност

Политиките на КПМГ Интернешнл бараат секоја фирма-членка на КПМГ и нејзините професионалци да немаат забранети финансиски интереси и забранети односи со клиентите на ревизија на КПМГ, нивното раководство, директорите и значајни сопственици. Политиките, исто така ги проширувaат ограничувањата на Кодексот на етика на IESBA на сопственост на хартии од вредност од клиенти на ревизија за секој партнер на фирма-членка во однос на секој клиент на ревизија на секоја фирма-членка.

Професионалците во КПМГ Македонија се одговорни за вршење на соодветни проверки и преземање на други соодветни активности на континуирана основа да се осигураат дека немаат никакви лични финансиски, деловни или семејни интереси, кои се забранети од аспект на независноста.

Заедно со другите фирми-членки на КПМГ , ние користиме веб-базиран систем за усогласување со независност (KICS) за да им помогнеме на нашите професионалци во усогласувањето со политиките за лична независност при инвестиции. Овој систем содржи список на јавно достапни инвестиции.

Од партнерите и сите вработени кои контактираат со клиенти од ниво на менаџер па нагоре се бара да го користат KICS системот пред да влезат во инвестиција за да се утврди дали е дозволено да го сторат тоа. Од нив исто така се бара да водат евиденција за сите нивни инвестиции во KICS системот, кој автоматски ги известува доколку нивните инвестиции последователно станат забранети и тие мора да се ослободат од тие инвестиции во рок од пет работни дена од денот на известувањето. Ние ја следиме усогласеноста на партнерите и менаџерите со ова барање како дел од нашата програма за ревизии на усогласеност со независноста на случајно избрани професионалци.

### Работни односи

Секој професионалец кој обезбедува услуги за клиент на ревизија без разлика на функцијата, потребно е да го извести нашиот Партнер за етика и независност ако тој има намера да стапи во преговори за вработување со клиентот на ревизија. За партнерите, ова барање се проширува на било кој клиент на ревизија на било која фирма-членка на КПМГ кој е правно лице од јавен интерес.

На поранешните членови на ревизорскиот тим или поранешните партнери на КПМГ Македонија им е забрането да се приклучат на клиентот на ревизија на одредени позиции, освен ако тие финансиски се одделиле од КПМГ Македонија и престанале да учествуваат во работењето и професионалните активности на КПМГ Македонија.

Главните партнери на ревизија и членовите на синџирот на одлучување за клиент на ревизија кој е правно лице од јавен интерес, се предмет на ограничувања на времето (во понатамошниот текст како периоди на “оладување”), кои ги спречуваат да се приклучат на клиентот на одредени позиции откако не помине одреден временски период.

Ние ги комуницираме и ги следиме барањата во однос на вработувањето на професионалци на КПМГ Македонија од страна на клиенти на ревизија.

### Финансиска независност на Друштвото

КПМГ Македонија исто така го користи системот KICS за да ги евидентира своите инвестиции во компании кои се регистрирани во Комисијата за хартии од вредност во САД и нивни придружени компании (вклучително фондови), локални друштва и фондови кои котираат на берза, директни и материјални индиректни инвестиции во пензиски планови и планови за користи на вработените (вклучително субјекти и фондови кои не се јавни).

Покрај тоа, од КПМГ Македонија се бара да ги евидентира во системот сите заеми и односи на капитално финансирање и старателски, доверенички и брокерски сметки, каде што се чуваат средствата на фирмата-членка.

На годишна основа, КПМГ Македонија потврдува усогласеност со барањата за независност, како дел од Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик.

### Деловни односи/добавувачи

КПМГ Македонија има политики и процедури кои се дизајнирани за да се осигура дека неговите бизнис односи се одржуваат во согласност со Кодексот на Етика на IESBA, барањата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и други важечки барања за независност.

Тие вклучуваат воспоставување и одржување на процесот за проценка на потенцијалните договори со трети страни (на пример деловни сојузи и заеднички работни аранжмани, односи при набавки и маркетинг и активности во јавен домен), со посебно внимание на тоа дали тие имаат влијание врз независноста на ревизорот.

Сите потенцијални деловни односи се проценуваат за да се оценат ризиците од здружувањето и да се идентификуваат потенцијалните прашања за независност

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

на ревизорот и конфликти на интереси. Односот кој вклучува трета страна која е давател на услуги, а која фирмата-членка ќе ја користи за помош при ангажманите со клиентот или за други цели исто така ќе се проценува за да се утврди дали третата страна е компетентна да ги обезбеди тие услуги. Од поединците кои ги обезбедуваат услугите се бара да потврдат дека тие гиразбираат и ќе бидат во согласност со важечките барања за етика и независност, и од нив исто така се бара да посетат обука за етика. Од  трети страни кои обезбедуваат услуги на клиенти за ревизија или уверување, се бара да завршат обука за независност.

### Деловни преземања, пристапувања и инвестиции (доколку е применливо)

Ако КПМГ Македонија е во процес на разгледување на преземање или инвестирање во бизнис, се бара да изврши задоволителни процедури на длабинска анализа на бизнисот предмет на потенцијално преземање или инвестирање, со цел идентификување и решавање на било кои потенцијални проблеми на независност и управување со ризик пред склучувањето на зделката. Се применуваат посебни барања за консултации за да се овозможи решавање на прашања на независност и други прашања при интегрирање на бизнисот во КПМГ Македонија и пошироката мрежа на КПМГ.

### Процес на одобрување на независност

КПМГ Македонија следи специфични постапки за да се идентификуваат и да се оценат заканите по независноста во врска со потенцијалните клиенти за ревизија кои се правни лица од јавен интерес; овие постапки, исто така познати како "процес на одобрување за независност", се завршуваат пред да се прифати ангажманот за ревизија на овие субјекти.

Алатката " KPMG Independence Checkpoint " беше воведена за да се автоматизираат и стандардизираат сите работни процеси кои го сочинуваат процесот на одобрување на независност. Ова е поради тоа што се очекува зголемување на бројот на фирми членки кои ќе учествуваат на тендери за ревизија и бројот на одобрувања за независност кои треба да бидат спроведени, како резултат на задолжителната ротација на фирмата за законските ревизии во одредени делови на светот.

### Обука и изјави за независност

КПМГ Македонија им обезбедува на сите релевантни вработени (вклучително сите партнери и професионалци кои обезбедуваат услуги на клиенти) обука за независност која е соодветна на нивниот степен и функција на годишна основа. Новите вработени од кои се бара да ја посетат оваа обука, мора да го сторат тоа во пократкиот рок од (а) триесет дена по вработувањето во КПМГ Македонија или (б) пред да обезбедат било какви услуги или да станат членови на синџирот на командување на ревизијата на било кој клиент, вклучувајќи ги и сите негови поврзани субјекти или придружени компании.

Ние исто така на сите вработени им обезбедуваме обука за Кодекс на однесување и етика, вклучително политики на КПМГ против поткуп и корупција, усогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди и известување за сомнителна или фактичка неусогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди и политиките на КПМГ на двегодишна основа. Од новите вработени се бара да ја завршат оваа обука во рок од три месеци од приклучувањето кон Друштвото.

Покрај тоа, одредени вработени кои не работат со клиенти, т.е работат во одделите за поддршка и кои се на ниво на менаџер и погоре, исто така се обврзани да завршат обука против поткуп и корупција.Со прифаќање на вработувањето, од сите вработени во КПМГ се бара да потврдат дека тие се во согласност и ќе се придржуваат кон важечките правила и политики за етика и независност. Потоа, од сите вработени во КПМГ се бара да  потпишат годишна изјава каде наведуваат дека тие останале во согласност со важечките политики за етика и независност во текот на годината за која изјавата се однесува, како и нивното разбирање и усогласеност со важечкиот Кодекс на однесување. Оваа потврда се користи за да се евидентира усогласеноста на поединецот и разбирањето на политиките за независност на КПМГ.

### Неревизорски услуги

Ние имаме политики, кои се во согласност со принципите на IESBA и важечките закони и прописи, кои се однесуваат на обемот на услуги кои можат да се обезбедат на клиенти за ревизија.

Од нас се бара да се воспоставиме и одржуваме процес за разгледување и одобрување на сите нови и изменети услуги кои се развиени од страна на КПМГ Македонија. Партнерот за етика и независност во КПМГ Македонија е вклучен во прегледот на потенцијални прашања за независност, а Глобалната група за независност е инволвирана во случај на услуги кои ќе се испорачаат на клиенти за ревизија и уверување во повеќе од една јурисдикција.

Во дополнение на идентификувањето на потенцијални конфликти на интереси, Sentinel ™, го олеснува

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

усогласувањето со овие политики. Одредени информации за сите идни ангажмани, вклучително описи на услуги и надоместоци, мора да се внесат во Sentinel ™ како дел од процесот на прифаќање на ангажманот. Користејќи го Sentinel ™, од водечките партнери на ревизорскиот ангажман се бара да: водат структури на групата за нивните јавно тргувани и одредени други ревизорски клиенти, како и нивните придружени компании, и да ги идентификуваат и проценат сите закани за независност кои можат да произлезат од обезбедувањето на предложените неревизорски услуги како и достапните заштитни мерки за решавање на овие закани. Sentinel ™ им овозможува на водечките партнери на ревизорскиот ангажман, за оние субјекти за кои се води групна структура, да разгледаат и одобрат, или одбијат, било каква предложена услуга за тие субјекти низ целиот свет.

### Зависност на надоместокот

Политиките на КПМГ Интернешнл признаваат дека закани од личен интерес или заплашување можат да се појават кога вкупниот надомест од клиентот за ревизија претставува голем дел од вкупните надоместоци на фирмата-членка која го дава ревизорското мнение. Конкретно, политиките на КПМГ Интернешнл бараат во случај кога вкупните надоместоци од клиент за ревизија, кој е правно лице од јавен интерес и од неговите поврзани субјекти, претставуваат повеќе од 10проценти од вкупните надоместоци на одредена фирма-членка во текот на две последователни години:

- Тоа ќе биде обелоденето на оние кои се задолжени со управување на клиентот за ревизија; и
- Постар партнер од друга фирма-членка на КПМГ да биде назначен за Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот.

Во текот на последните две години, нема клиент за ревизија чиј надоместок изнесува повеќе од 10проценти од вкупните надоместоци примени од страна на нашето Друштво.

### Конфликт на интереси

Конфликти на интереси може да се појават во ситуации кога вработени на КПМГ имаат лична поврзаност со клиентот, која може да ја попречи или да се смета дека ќе ја попречи нивната способност да останат објективни, или кога тие лично имаат доверлива информација која се однесува на друга страна во зделката. Во вакви ситуации, потребни се консултации со Партнерот за управување со ризик и Партнерот за етика и независност.

Сите фирми-членки на КПМГ и вработените се одговорни за идентификување и управување со конфликти на интереси, кои претставуваат околности или ситуации кои имаат, или може да бидат сфатени од страна на целосно информиран, разумен набљудувач, дека имаат влијание на фирма-членка или нејзини вработени во нивната способност да бидат објективни и да дејствуваат без пристрасност.

Секое прашање на потенцијален конфликт кое допира важни принципиелни точки, се доставува на решавање до нашиот Партнер за управување со ризик; во случаи на потешкотија, може да се свика панел на партнери за да се решитакво прашање.

Сите фирми-членки на КПМГ мора да користат Sentinel™ за идентификација на потенцијални конфликти, така што тие ќе можат да бидат решени во согласност со законските и професионалните барања.

KPMG Македонија има ресурси за управување со ризици (“Разрешувачи”) кои се одговорни за разгледување на идентификуван потенцијален конфликт и работење со засегнатите фирми-членки за решавање на конфликтот, чиј исход мора да биде документиран.

Може да биде неопходно да се применат посебни процедури за управување со потенцијалното појавување или воочување на конфликт на интереси, за да се задржи доверливоста на клиентот. Таквите постапки може, на пример, да вклучуваат воспоставување на формални разграничувања меѓу тимовите ангажирани на различни клиенти и воспоставување на процедури за следење на оперативноста на таквите разграничувања.

Постапки на ескалација и решавање на спор постојат за ситуации каде што не може да се постигне договор како да се реши конфликтот. Ако потенцијалното конфликтно прашање не може да се реши, ангажманот се одбива или прекинува.

### Нарушување на политиката на независност

Од сите вработени во КПМГ Македонија се бара да известат за нарушување на независност веднаш штом ќе станат свесни за тоа. Во случај на неисполнување на нашите политики за независност, без разлика дали е идентификувано во прегледот за усогласеност, пријавено од самото лице или на друг начин, професионалците се предмет на дисциплинска политика за независност.

КПМГ Македонија има документирана дисциплинска политика во однос на нарушување на политиките на независност. Дисциплинската политика е доставена до сите професионалци и важи за сите нарушувања на

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

правилата за независност, вклучувајќи соодветни санкции, кои ја одразуваат сериозноста на нарушувањата. Секое прекршување на прописите за независност на ревизорот се известува до одговорните за управување кај клиентот на ревизија, на начин договорен со нив.

Прашањата кои произлегуваат се земаат во предвид во нашите одлуки за унапредување и наградување, а во случај на лидери и менаџери на ангажмани, се рефлектираат во нивните индивидуални параметри во поглед на квалитет и ризик.

### Усогласеност со закони, регулативи и спречување на поткуп и корупција

Усогласеноста со закони, регулативи и стандарди е клучен аспект за целиот персонал на КПМГ Македонија. Поконкретно, ние имаме нула толеранција за поткуп и корупција.

Ние забрануваме инволвираност во било каков вид на поткуп - дури и ако таквото однесување е законско или дозволено според важечките закони или локалната практика. Ние исто така, не толерираме поткуп од страна на трети страни, вклучително и од страна на нашите клиенти, добавувачи или јавни службеници.

Дополнителни информации за КПМГ и спречување на поткуп и корупција може да се најде на веб страната за спречување на поткуп и корупција.

### Ротација на партнер

Политиките за ротација на партнер на КПМГ Интернешнл се во согласност со Кодексот на етика на IESBA и потребно е сите фирми-членки да се усогласат со било кои построги важечки барања за ротација.

Партнерите во КПМГ Македонија се предмет на периодична ротација на нивните одговорности за клиентите на ревизија согласно важечките закони, прописи, правила за независност и политиката на КПМГИнтернешнл. Овие барања го ограничуваат бројот на последователни години во кои партнерите во одредена улога може да обезбедат услуги на клиентот за законска ревизија, по што следи период на "одмор" во кој овие партнери не може да учествуваат во ревизија, да вршат контрола на квалитет на ревизија, да се консултираат со тимот на ангажманот или со клиентот во врска со технички или прашања специфични за индустријата или на кој било начин да влијаат на исходот на ревизијата.

КПМГ Македонија ја следи ротацијата на лидери на ревизорски ангажмани (и сите други клучни улоги, како што се Клучен партнер на ревизија и Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот, кога има услов за ротација) и подготвуваме планови за транзиција за да овозможиме прераспределба на партнерите со потребна компетентност и способност да испорачаме постојан квалитет на услуги на клиентите. Следењето на ротацијата на партнер е предмет на тестирањето за усогласеност.

## 3.6 Вработување, развој и распоредување на соодветно квалификуван персонал

Еден од клучните двигатели за квалитет е гаранцијата дека нашите професионалци ги имаат соодветните вештини и искуство, страст и цел за да испорачаат највисок квалитет во ревизијата. За ова е потребна соодветна обука, развој, унапредување, задржување и распоредување на професионалци. Глобалните поведенија на КПМГ, кои се поврзани со Вредностите на КПМГ, се дизајнирани за да го артикулираат она што е потребно за успех – и на индивидуално и на колективно ниво. Едно од глобалните поведенија на КПМГ е "Испорачување на квалитет".

### Вработување

КПМГ Македонија се стреми да биде избраниот работодавач преку создавање на средина каде што нашите луѓе можат да го исполнат својот потенцијал и да се чувствуваат горди и мотивирани да го дадат најдоброто од себе.

Нашите стратегии за регрутирање се фокусирани на таленти на почетно ниво од широката база на таленти, вклучувајќи соработка со реномирани универзитети.

Сите кандидати поднесуваат апликација и се вработуваат по спроведување на разновидни процеси на селекција, кои можат да вклучат разгледување и селекција на апликациите, интервјуа базирани на компетентност, психометриски и тестови за способност и проверки на квалификациите / препораките.

Кога се регрутираат поединци за повисоки нивоа, со нив се спроведува формална независна дискусија од страна на Партнерот за етика и независност или делегат. КПМГ Македонија не прифаќа никакви доверливи информации кои припаѓаат на поранешната фирма / работодавач на кандидатот.

Процесот на вработување на партнер е ригорозен и темелен, со вклучување на соодветни членови на раководството. Нашите критериуми за вработување на партнери се во согласност со нашата заложба за професионалност и интегритет, квалитет и да се биде избраниот работодавач. Тие се силно усогласени со

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

способностите за Глобални поведенија на КПМГ и се базираат на конзистентни принципи.

### 3.6.2 Личен развој

Важно е сите наши професионалци да ги имаат потребните бизнис и лидерски вештини, како дополнување на техничките вештини, за да бидат во можност да извршат квалитетна работа (види дел 3.7.1 Стратегија за доживотно учење).

Во врска со ревизијата, обезбедени се можности за професионалците да ги развијат вештините, поведението и личните квалитети кои ја формираат основата на успешна кариера во ревизија. Достапни се курсеви за подобрување на личната ефикасност и развивање технички, лидерски и бизнис вештини.

Професионалците на КПМГ Македонија исто така се развиваат за високи перформанси преку обука и менторство на работа, проширување на задачите и можности за ротација на земји и глобална мобилност.

Талентот и развојот се на самиот врв на нашата агенда поврзана со луѓето и се прави значително вложување на време, пари и други ресурси за изградба на професионална способност, лидерски и бизнис вештини и техничка експертиза.

Сите вработени се охрабруваат да размислуваат за својата кариера и потребите за личен развој преку редовни разговори за нивната успешност со повратни информации и поддршка. За поддршка на кариерата и професионалниот развој постојат голем број на програми за основни вештини кои опфаќаат вештини и поведенија кои обезбедуваат подобрување на ефикасноста и осигуруваат дека луѓето ќе го достигнат својот целосен потенцијал. Центрите за развој и алатките за повратни информации и овозможуваат на КПМГ Македонија да ги идентификува поединците со високи перформанси, кои исто така имаат потенцијал да преземат повисоки или покомплексни улоги. Ние исто така имаме програми за долгорочен развој за поддршка на патот до менаџер за повеќе помлади кадри, како и за оние кои се идентификувани за промовирање во улоги на директор и партнер. Имајќи во предвид дека некои од нашите професионалци не се во можност секогаш лично да посетуваат курсеви за обука, за дополнување на миксот помеѓу образование, соработка и искуство, и за да се направи обуката достапна во вистинско време на флексибилен и интерактивен начин, ние исто така обезбедуваме електронска обука и виртуелни училници.

Во однос на ревизијата ние нудиме конкретни можности за штотуку дипломирани кадри за развој и одржување на вештини, поведенија и лични квалитети кои ја формираат основата на успешна кариера во ревизија. Достапни се курсеви за подобрување на личната ефикасност и развој на технички, лидерски и бизнис вештини.

### 3.6.3 Програми за Инклузија и Привлекување на вработени со разновидно искуство

КПМГ Македонија работи напорно за да поттикне култура на инклузија и привлекување на вработени со разновидно искуство. Тоа овозможува да групираме успешни тимови со најширок спектар на вештини, искуства и перспективи.

Нашето раководство и раководните тимови исто така треба да ја одразуваат разновидноста во рамки на нашата фирма и разновидноста на нашите клиенти. Ние веруваме дека воспоставената Глобална стратегија за инклузија и привлекување на вработени со разновидно искуство на КПМГ Интернешнл, дава рамка за активностите, кои се потребни за промовирање инклузивно лидерство во КПМГ Македонија и низ мрежата на КПМГ.

Повеќе за инклузија и привлекување на вработени со разновидно искуство на КПМГ Интернешнл и нејзините фирми-членки прочитајте овде.

### 3.6.4 Оценка на работата и награда

#### Процес на евалуација вклучувајќи параметри за квалитет и усогласеност

Професионалците на КПМГ Македонија, вклучувајќи ги и партнерите, поминуваат низ процес на годишно поставување на цели и оценување на работата. Секој професионалец се оценува врз основа на остварувањето на договорените цели, демонстрација на глобални поведенија, технички способности и познавање на пазарот. Се охрабрува култура на континуирано подобрување, добивање на повратни информации, позитивни и развојни, и од помлади и од постари колеги, како и од колеги на исто ниво. Добиените повратни информации се составен дел од оценките на работата.

Одејќи подалеку од оценка на работата и надоместок, Глобалните поведенија на КПМГ се дизајнирани да се протегаат низ сите процеси на нашите луѓе, вклучувајќи методологии за регрутирање, пристапите за препознавање и планирањето на развојот. Поведенијата се постојана референтна точка, артикулирајќи на нашите луѓе што е потребно за успех поединечно и колективно.

КПМГ Македонија ги следи инцидентите за квалитет и усогласеност и одржува параметри за квалитет при проценка на севкупната евалуација, промоција и наградување на партнер и одреден персонал. Овие

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

проценки се спроведуваат од страна на менаџери за оценка на работата и партнери кои се во состојба да ја оценат работата.

Политиката на КПМГ Македонија забранува партнерите на ревизија да бидат оценувани или наградувани врз основа на нивниот успех во продажба на не-ревизорски услуги на клиенти на ревизија.

Како дел од процесот на советување на крајот од годината, нашите Партнери дискутираат за постигнување на договорените цели, предности и области за развој, со посебен фокус на резултатите и личниот развој на атрибутите на Партнерот. Од нив се бара да обезбедат објективни докази за да го демонстрираат ова, што ги вклучува нивните индивидуални параметри за квалитет и усогласеност.

Овие стандардизирани параметри за квалитет и усогласеност (кои се даваат на сите лидери на ангажмани) се едни од инпутите за годишниот процес на советување. Параметрите за квалитет и усогласеност вклучуваат бројни параметри, како што се резултатите од надворешните регулаторни контроли, навремено завршување на обуката и исходот од програмите за внатрешен мониторинг. Поединци добиваат посебни параметри за ризик (кои се црвени, жолти или зелени) во однос и на Квалитет и на Усогласеност.

Активноста која се превзема во однос на било кој Партнер со жолт и црвен (“негативен”) показател за квалитет и усогласеност, иницијално зависи од причината за негативните параметри. Обемот на активности кои можат да се превземат вклучува корегирање на почетниот недостаток што довел до негативен показател, корективна обука, советување еден-на-еден со раководителот на одделот и / или Партнери за квалитет и ризици по произлезеното прашање, или во крајна линија, одземање на правата за потпишување, намалување на вкупниот надоместок исплатен на засегнатиот Партнер.

Ние го користиме истиот систем на параметри за квалитет и усогласеност за вработените на менаџерски позиции за да ја зајакнеме пораката дека одговорноста за квалитетот на ангажманот се протега подалеку од лидерот на ангажманот.

### Награда

Ние имаме политики за надомест и унапредување кои се јасни, едноставни и поврзани со процесот на оценка на работата, кој за партнери ги опфаќа постигнатите клучни параметри за квалитет и усогласеност во ревизијата. Ова им помага на нашите партнери и вработени да знаат што се очекува од нив и што тие може да очекуваат за возврат.

Одлуките за наградување се засноваат на разгледување и на индивидуалните и на организациските (фирма-членка) перформанси. Степенот до кој нашите луѓе чувствуваат дека нивните перформанси се рефлектирани во нивната награда се мери преку Глобална Анкета на вработените и се развиваат соодветни акциони планови.

### Унапредување

Резултатите од евалуацијата на перформансите директно влијаат врз унапредувањето и наградувањето на партнерите и вработените и во некои случаи, нивната континуирана поврзаност со КПМГ.

### Прием на Партнери

Процесот на КПМГ Македонија за прием во партнерство е ригорозен и темелен, вклучувајќи соодветни членови од раководството. Нашите критериуми за прием во партнерство на КПМГ Македонија се во согласност со нашата посветеност на професионализам и интегритет, квалитет и да се биде работодавач од избор. Ова е силно усогласено со способностите во врска со поведенијата својствени на КПМГ и се базира на конзистентни принципи. Сите препораки за прием во партнерство на КПМГ Македонија треба да бидат одобрени од Бордот на КПМГ Централна и Источна Европа.

## 3.6.5 Распоредување на персонал

КПМГ Македонија има процедури за назначување на партнери и на други професионалци на специфични ангажмани врз основа  на нивните вештини, релевантно професионално искуство и искуство во индустријата, како и природата на задачата или ангажманот.

Раководителите на оддели се одговорни за процесот на назначување на партнер. Клучните фактори за назначување на партнер ги вклучуваат искуството на партнерот и капацитетот врз основа на прегледот на годишното портфолио на партнерот да го изврши ангажманот земајќи ги во предвид големината, профилот на комплексност и ризикот на ангажманот и видот на поддршката која треба да се обезбеди (на пример, состав на тимот на ангажманот и вклучување на експерт).

Партнерите за ангажмани во ревизија треба  да бидат убедени дека нивните тимови имаат соодветни компетенции, обука и способности, вклучувајќи и време, да вршат ревизија во согласност со КАМ, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања. Ова може да вклучува инволвирање на експерти од нашата фирма или други фирми членки на КПМГ.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Како дополнителна контрола, нашиот Раководител на ревизија врши годишен преглед на портфолиото на сите наши партнери на ревизорски ангажмани. Целта на овој преглед на портфолио е да се види комплексноста и ризикот на секоја ревизија, а потоа да се утврди дали земено во целост, специфичниот партнер на ангажманот има соодветно време и вистинска поддршка која би му овозможила на партнерот на ангажманот да изврши висококвалитетна ревизија за секој клиент во неговото портфолио.

Кога се разгледуваат соодветната компетентност и способност кои се очекуваат од тимот како целина, разгледувањата на партнерот на ангажманот може да го вклучуваат следново:

- Разбирање  и практично искуство со ангажмани на ревизија од слична природа и комплексност преку соодветна обука и учество
- Разбирање на професионалните стандарди и законските и регулаторни барања
- Соодветни технички вештини, вклучувајќи ги и оние поврзани со релевантна информатичка технологија и специјализирани области на сметководство или ревизија
- Знаење од областа на релевантните индустрии во кои клиентот работи
- Способност да се применува професионално расудување
- Разбирање на политиките и процедурите на КПМГ Македонија за контрола на квалитет
- Резултати од Контрола на квалитет и резултати од регулаторни проверки.

### 3.6.6 Увид од нашите луѓе – Глобална анкета на вработените (Global People Survey - GPS)

На секои две години КПМГ Македонија ги поканува сите свои луѓе да учествуваат во независната Глобална анкета на вработените (Global People Survey - GPS), која го мери нивното севкупно ниво на ангажираност во фирмата. Таа дава севкупна информација за Индекс за ангажираност на вработените и Индекс на исклучителни перформанси, како и увид во областите кои ја поттикнуваат ангажираноста, кои можат да бидат силни страни или можности. Анкетата исто така идентификува можности за зајакнување на тие нивоа на ангажираност. Резултатите може да се анализираат по оддели или по географска област, степен, улога, пол, за да се обезбеди дополнителен увид. Се обезбедува дополнителен увид за тоа како се справуваме со категории за кои знаеме дека влијаат врз ангажманот на вработените.

Анкетата исто така му дава на раководството информации посебно за ставовите на вработените и партнерите кон квалитетот, раководството и ставот на врвот.

КПМГ Македонија учествува во анкетата, ги следи резултатите и превзема соодветни активности за да ги комуницира и да одговори на наодите од анкетата. Ова вклучува следење на резултатите од анкетата, вклучувајќи ги и оние во однос на квалитетот на ревизијата и став на врвот, наведено во анкетата како “поведение на раководството” и ангажирањето на вработените, преку Индексот на ангажираност на вработените и ефикасноста на вработените преку Индексот на исклучителни перформанси.

Резултатите од анкетата се сублимираат за мрежата на КПМГ, се презентираат секоја година на Глобалниот Одбор и се договараат соодветни последователни активности.

## 3.7 Заложба за техничка совршеност и квалитет на услугите

На сите професионалци на КПМГ Македонија им се обезбедува техничка обука и помош која им е потребна. Ова вклучува пристап до  експерти и одделите за професионална пракса  кои се составени од постари професионалци со обемно искуство во ревизија, известување и управување со ризик, било за да му обезбедиме ресурси на ангажираниот тим, или за консултација. Доколку вистинскиот ресурс не е достапен во рамките на КПМГ Македонија, пристап се обезбедува на мрежа од високо квалификувани KPMG професионалци во други фирми-членки на KPMG.

Во исто време, ревизорските политики бараат од професионалците да имаат соодветно знаење и искуство за нивните ангажмани.

Изјавата од раководството на Друштвото за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени за 2017 година е дадена во Прилог 2 на овој извештај.

### 3.7.1. Стратегија за доживотно учење

Во прилог на личниот развој дискутиран во делот погоре, нашата стратегија за доживотно учење е поткрепена со политики кои бараат од сите професионалци задржување на нивната техничка компетентност и усогласување со важечките регулаторни барања и потребите за професионален развој.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

### Формална обука

Од страна на Координативните групи за "Учење и развој во ревизијата" на глобално, регионално и доколку е применливо, на ниво на КПМГ Македонија, се идентификувани годишни приоритетни обуки за развој и имплементирање.Обуките се изведуваат со користење на комбинација на училници, е-дигитално учење и поддршка на перформансите за да им се помогне на ревизорите во работата. Тимовите за Учење и развој во ревизија работат со предметни експерти и лидери од Глобалниот центар за услуги, Групата за меѓународни стандарди и Одделот за професионална пракса на фирмата-членка, како што е соодветно, за да се обезбеди обука од највисок квалитет, која е релевантна за ефикасноста на работното место и е навремено извршена.

### Менторство и обука во текот на работата

Обуката не е ограничена во училница - богати искуства за учење се достапни кога е потребно преку обука и навремено учење, достапни со притискање на глувчето и усогласени со профили и патеки за учење специфични за работата. Сите курсеви во училница се зајакнати со соодветна поддршка за ефикасност за да им помогне на ревизорите во работата.

Во однос на ревизијата, КПМГ Македонија:

- Применува различни решенија за учење кои се дизајнирани да ги зајакнат Вредностите на КПМГ и да им обезбедат на нашите професионалци вистинска основа, да ги развијат неопходните вештини и ставови за правилно расудување и да применуваат професионален скептицизам со што се подобрува квалитетот и вредноста на ревизијата
- Обезбедува обука под водство на инструктор и виртуелна училница, алатки за поддршка на ефикасноста, водичи за обука и навремено учење, достапни за критични ревизорски теми – тие се користат од страна на ревизорските тимови и овие упатства се вградени во рамки на решенијата за обука во ревизијата
- Исто така, има развиено алатки за професионално расудување, со цел да се зајакне значењето на независноста и објективноста, и да им помогне на тимовите на ангажмани во демонстрирањето на професионален скептицизам
- Обезбедува курсеви за подобрување на личната ефикасност и развој на лидерски и бизнис вештини. Нашиот персонал понатаму се развива за повисоки перформанси преку обука и менторство на работа, проширување на задачите и можности за ротација на земји и глобална мобилност

## 3.7.2 Лиценцирање и задолжителни барања за ангажмани според МСФИ

### Лиценцирање

Од сите професионалци во КПМГ се бара да се во согласност со важечките правила за професионални лиценци и да ги задоволат потребите за Континуирана професионална обука (КПУ) во јурисдикцијата каде работат. Политиките и процедурите се дизајнирани за да го олеснат усогласувањето со барањата за лиценцирање.

Овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институт на овластени ревизори на РМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

Ние сме одговорни, професионалците од ревизија кои работат на ангажмани, да имаат соодветно познавање од ревизија, сметководство и индустријата и да имаат искуство во локалната доминантна рамка за финансиско известување.

Покрај тоа, ние имаме специфични барања за партнери и менаџери кои работат на МСФИ ангажмани, во земји каде МСФИ не се доминантна рамка за финансиско известување. Слични политики се применуваат за ангажмани вон САД за финансиски извештаи или финансиски информации изготвени во согласност со Општо Прифатени Сметководствени Принципи во САД (USGAAP) и/или ревидирани во согласност со Стандарди за ревизија во САД, вклучително известување за ефективноста на интерните контроли на субјектот врз финансиското известување (ICOFR). Согласно на нив, потребно е партнерот, менаџерот и партнерот за контрола на квалитет на ангажманот да имаат исполнето релевантна обука и тимот на ангажманот колективно, да има доволно искуство во извршување на ангажманот или има имплементирано соодветни заштитни мерки за решавање на било какви недостатоци.

## 3.7.3. Пристап до мрежа на експерти

Тимовите на КПМГ Македонија имаат пристап до мрежа на локални експерти на КПМГ како и експерти од фирми-членки на КПМГ од други држави. Партнерите се одговорни нивните тимови да имаат соодветни ресурси и вештини.

Потребата од распоредување на експерти (на пример, информатичка технологија, даноци, актуари, проценки) на одреден ревизорски ангажман се смета како дел од процесот на прифаќање и продолжување на ревизорскиот ангажман.Експертите кои се членови на ревизорски тим и

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

имаат севкупна одговорност за работата на експертите во ангажман на ревизија, имаат компетентност, способности и објективност за соодветно извржување на нивната улога. На овие експерти им се обезбедува обука за концепти на ревизија.

### 3.7.4 Консултации

КПМГ Македонија промовира култура во која консултацијата се  признава како силна страна и која ги охрабрува вработените да се консултираат за тешки или спорни прашања.

За да им помогнеме на професионалците во ревизија во решавањето на тешки или спорни прашања, воспоставени се протоколи за консултација и документација на значајните сметководствени и ревизорски прашања, вклучувајќи и процедури за олеснување на решавањето на разликите во мислењето за прашања поврзани со ангажманот. Покрај тоа, нашиот Глобален прирачник за управување со квалитет и ризик вклучува барања за задолжителна консултација каде што се идентификуваат одредени прашања, како што е загриженост за интегритетот на клиентот. Се обезбедува соодветна консултација на професионалците кои работат на ангажмани на ревизија преку нашите ресурси на професионална пракса. Во КПМГ Македонија, улогата на Одделот за професионална пракса (ОПП) е од клучно значење во однос на поддршката што ја дава на ревизорите. Тој обезбедува технички упатства на професионалците за прашања поврзани со специфичен ангажман, развива и дистрибуира упатства поврзани со одредени теми за развој на локални технички и професионални прашања и дистрибуира меѓународни упатства за МСФИ и МСР.

Консултација со член на тимот на повисоко ниво на одговорност од двете страни со различно мислење, вообичаено ги решава таквите разлики. Во други околности, прашањето може да се издигне преку синџирот на одговорност за решавање од страна на  технички експерти. Во исклучителни околности, предметот може да се упати до Раководителот на Ревизија, Раководителот на ОПП, Раководителот на одделот за  Квалитет и Ризик (или соодветно национално квалификувани делегати) или конечно на националниот постар партнер (или соодветно национално квалификувани делегати).

Техничка поддршка за ревизија и сметководство е на располагање на сите фирми-членки и нивните професионалци преку Групата за меѓународни стандарди и Глобалниот центар за услуги, како и Групата за Пазари на Капитал во САД за компании кои се регистрирани во Комисијата за хартии од вредност во САД (SEC).

#### Глобален центар за услуги - ГЦУ (Global Services Centre -GSC)

ГЦУ развива, одржува и распоредува глобална методологија на КПМГ за ревизија и технолошки алатки кои се користат од страна на професионалците за ревизија на КПМГ со цел да им се овозможат ефективни и ефикасни ревизии.

#### Група за меѓународни стандарди - ГМС (International Standards Group - ISG)

ГМС соработува со глобалните тимови со географска застапеност од целиот свет на теми од областа на МСФИ и МСР за да се промовира конзистентност во толкувањето на МСФИ и барања на ревизија меѓу фирмите членки, да се идентификуваат новите прашања и навремено да се развијат глобални насоки.

Понатамошни детали во врска со ГМС и неговите активности се достапни во Меѓународниот Извештај за Транспарентност на КПМГ.

### 3.7.5 Развивање на разбирање на бизнисот и познавање на индустријата

Клучен дел од квалитетот е да се има детално разбирање за бизнисот на клиентот и индустријата.

За позначајни индустрии, назначени се раководители на глобалниот оддел за ревизија за поддршка на развојот  на релевантни информации за индустријата кои се достапни на професионалците во ревизија во рамките на eAudIT. Ова знаење содржи примери на процедури за ревизија во индустријата и други информации (како што се вообичаени ризици и процеси на сметководство). Дополнително, достапни се прегледи за индустријата кои обезбедуваат општи и деловни информации во однос на конкретни индустрии, како и збир на знаење за индустријата достапни во eAudIT.

## 3.8 Извршување на ефективни и ефикасни ревизии

Како се спроведува ревизијата е исто толку важно како и конечниот резултат. Од вработените во КПМГ Македонија се очекува да покажат одредени клучни поведенија и да

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

следат одредени политики и процедури во извршувањето на ефективни и ефикасни ревизии.

### 3.8.1. Процес на Ревизија во КПМГ

Нашата работа на ревизијата е овозможена преку eAudIT-алатка со тек на работни активности и електронско ревизорско досие на КПМГ Интернешнл. eAudit ја интегрира методологија на КПМГ за ревизија, насоки и познавање на индустријата и алатките кои се неопходни за конзистентно водење на ревизиите. Висококвалитетните процеси на ревизијана КПМГ вклучуваат:

- Навремено вклучување на партнер и менаџер;
- Навремен пристап до вистинското знаење – специјалисти, акредитирани поединци и релевантно искуство во индустријата;
- Критичка оценка за ревизорските доказ - примена на професионално расудување и професионален скептицизам ;
- Тековно менторство, надзор и контрола;
- Соодветно поткрепени и документирани заклучоци;
- Обемна проверка и преглед, вклучително контрола на квалитетот на нагажманот

#### Навремено вклучување на партнер и менаџер

За полесно идентификување и одговор на значајните ревизорски ризици кои се применливи за секоја ревизија, тимот на ангажманот треба да има разбирање за бизнисот на клиентот, неговата финансиска состојба и опкружувањето во кое тој функционира.

Партнерот на ангажманот е одговорен за насоката, надзорот и спроведувањето на ангажманот и според тоа е одговорен за целокупниот квалитет на ревизорскиот ангажман.

Вклучување и лидерство на партнерот на ангажманот во текот на процесот на планирање помага да се постави соодветен делокруг и пристап во ревизија и му помага на тимот на ангажманот да добие максимална корист од искуството и вештините на партнерот. Навремено вклучување на партнерот на ангажманот во другите фази на ангажманот му овозможува на партнерот на ангажманот да ги идентификува и соодветно да ги разгледа прашањата од значење за ангажманот, вклучувајќи критични области на расудување и значителни ризици.

Партнерот на ангажманот е одговорен за конечното мнение на ревизорот и ја прегледува клучната ревизорска документација.Особено, документацијата во врска со значајни прашања кои произлегуваат во текот на ревизијата и добиените заклучоци. Менаџерот на ангажманот му помага на партнерот во исполнувањето на овие обврски и во секојдневната врска со клиентот и тимот градејќи темелно разбирање на бизнисот кое му помага на партнерот и тимот да стекнат значаен увид.

#### Критичка оценка на ревизорски докази со акцент на професионален скептицизам

Ние ги земаме во предвид сите ревизорски докази добиени во текот на ревизијата, вклучувајќи и разгледување на противречни или неконзистентни ревизорски докази. Природата и обемот на ревизорските докази коишто ги собираме одговара на проценетите ризици. Ние критички ги оценуваме ревизорските докази добиени од сите извори. За целите на обезбедување на доволно ревизорски докази, потребно е секој член на тимот да примени професионално расудување и да одржи професионален скептицизам во текот на ревизорскиот ангажман.

Професионален скептицизам вклучува критичко размислување и претпазливост за противречности или недоследности во ревизорските докази. Професионалниот скептицизам особено се карактеризира преку стандардите за ревизија и добива значаен фокус од регулаторите. Рамката за квалитет на ревизија на КПМГ ја нагласува важноста на одржување на став на професионален скептицизам во текот на ревизијата.

Процесот на професионално расудување на КПМГ го олеснува доброто расудување со воведување на структуриран пристап кон областите на ревизија кои бараат значајно расудување. Тој исто така го нагласува значењето на независноста и објективноста и ја нагласува важноста на вистинскиот начин на размислување – а тоа е потребата да се примени професионален скептицизам.

Нашиот процес на професионално расудување ја признава потребата за свесност и претпазливост кон предрасуди кои можат да бидат закани за добро расудување. Структурираниот пристап кон областите на ревизија кои бараат значајно расудување вклучуваат:

- Разгледување алтернативи
- Критичко оценување на ревизорските докази преку предизвикување на претпоставките на менаџментот

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

и проследување на противречни или неконзистентни информации

- Навремено документирање на добиените заклучоци, како средство за оценка на нивната комплетност и соодветност.

Употребата на процесот на професионално расудување и примената на професионален скептицизам е зајакната преку тренинг и обука, признавајќи дека расудувањето е вештина која се развива со текот на времето и со различни искуства.

Обуката за професионално расудување е вградена во нашата основна програма за техничка обука во ревизија за помлади професионалци и е вклучена во нашата периодична и годишна обука за надградба за квалификувани и искусни професионалци и партнери.

**Процес на професионално расудување на КПМГ**




## Континуирано менторство, надзор и контрола

Ние разбираме дека вештините се градат со текот на времето и преку изложување на различни искуства. За да инвестираме во изградба на вештини и способности на професионалците на КПМГ, без да се загрози квалитетот, КПМГ Македонија промовира средина на континуирано учење и поддржува култура на обука.

Партнерот на ангажманот, поддржан од менаџерот на ангажманот, е одговорен за поттикнување на култура на менторство и континуирано учење во текот на процесот на ревизија и поставување пример во извршувањето на ревизијата за да се поттикне култура на континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата.

Активното менторство, тренинг и надзор за време на ревизија вклучува:

- Учество на партнерот на ангажманот во дискусиите на планирање;
- Следење на прогресот на ревизорскиот ангажман;
- Земање во предвид на компетентноста и способностите на индивидуалните членови на тимот на ангажманот, вклучувајќи и дали тие имаат доволно време да ја вршат својата работа, дали тие ги разбираат нивните инструкции и дали работата е извршена во согласност со планираниот пристап кон ангажманот;
- Помош на членовите на тимот на ангажманот при разгледување на значајни прашања кои произлегуваат за време на ревизијата и соодветно модифицирање на планираниот пристап;
- Идентификување на прашања за консултации со поискусните членови на тимот за време на ангажманот.

Клучен дел на ефективното менторство и надзор е навремен преглед на извршената работа, така што значајните прашања брзо се идентификувани, дискутирани и решени.

## Соодветно поткрепени и документирани заклучоци

КПМГ Македонија ги користи КАМ и електронската алатка за ревизија на КПМГ Интернешнл, eAudIT, за да обезбеди насоки, механизми за и документација на надзор и контрола на ангажманот за ревизија.

Ревизорската документација ги евидентира извршените постапки на ревизија, добиените докази и заклучоците донесени за секој ангажман на ревизија. Политиките на КПМГ бараат преглед на документацијата од страна на поискусните членови на тимот на ангажманот.

КАМ признава дека навремено подготвената документација помага да се зголеми квалитетот на ревизијата и го олеснува ефективното разгледување и оценување на добиените ревизорски докази и донесените заклучоците пред финализирање на нашиот извештај. Од тимовите на ангажмани се бара да соберат комплетна и финална ревизорска документација за архивирање, во рамки на соодветен временски период, кој вообичаено не е повеќе од 60 календарски денови од датумот на ревизорскиот извештај, но може да биде и порестриктивен според одредени важечки прописи.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Клучниот принцип којшто членовите на тимот на ангажманот треба да го земат во предвид при подготвување на ревизорска документација, е дали искусен ревизор, без претходна врска со ангажманот, ќе ги разбере:

- Природата, времето и обемот на извршените постапки за ревизија за да има усогласеност со Стандардите за ревизија прифатени и објавени во РМ, КАМ и други барања;
- Други важечки законски и регулаторни барања;
- Резултатите од извршените постапки и добиените ревизорски докази;
- Значајни наоди и прашања кои произлегуваат во текот на ревизијата, и превземени дејства за нивно решавање (вклучувајќи дополнително добиени ревизорски докази); и
- Основата за донесените заклучоци и значајното професионално расудување при донесување на тие заклучоци.

### Соодветно вклучување на Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот (Проверувач на ККА)

Проверувачите на ККА се независни од тимот на ангажманот и имаат соодветно искуство и знаење да извршат објективен преглед на покритичните одлуки и расудувањата на тимот на ангажманот и соодветноста на финансиските извештаи.

Проверувач на ККА треба да биде назначен за ревизии, вклучувајќи ги и сите поврзани преглед(и) на периодичните финансиски информации, на сите ентитети кои котираат на берза, ентитети од висок јавен профил кои не котираат на берза, ангажмани кои бараат преглед на ККА според важечките закони или регулативи, и други ангажмани одредени од страна на Партнерот за управување со ризик или Раководителот на ревизија во земјата.

Проверката на ККА се врши пред датумот на извештајот на ревизорот и меѓудругото вклучува:

- Преглед на избрана ревизорска документација во врска со значајни расудувања кои ги направил тимот на ангажманот и донесените заклучоци;
- Преглед на финансиските извештаи и предложениот извештај на ревизорот; и
- Оценка на заклучоците донесени при формулирање на извештајот на ревизорот и разгледување дали предложениот извештај е соодветен.

И покрај тоа што партнерот на ангажманот е крајно одговорен за решавање на прашањата поврзани со финансиското известување и ревизијата, проверувачот на ККА мора да се увери дека сите значајни покренати прашања биле решени пред ревизијата да се смета за завршена.

КПМГ Македонија континуирано се стреми да ја зајакне и подобри улогата која проверувачот на ККА ја има во ревизиите, бидејќи тоа е фундаментален дел од системот на контрола на квалитет на ревизија.

Во последните години беа превземени бројни активности за зајакнување, вклучително:

- Издавање на прирачник на водечките практики кој се фокусира на надлежностите и способностите на проверувачот и активна поддршка на проверувачите на ККА;
- Вклучување на специфични процедури во eAudIT за олеснување на ефективни проверки;
- Имплементација на политики поврзани со препознавање, номинација и развој на проверувачи на ККА, како и следење и оценка на природата, времето и обемот на нивното вклучување;
- Осигурување дека улогата која се врши од страна на проверувачите на ККА исто така се зема во предвид при вршење на процесот на контрола на портфолиото на партнерите за да се обезбеди адекватност на времето и соодветните вештини за улогата и прераспределба доколку е потребно; и
- како дел од нашата Контрола на квалитет на работата, се врши оценка на работата извршена од страна на проверувачот на ККА и адекватноста на инволвираноста вклучувајќи дискусија со проверувачот на ККА.

### Известување

Стандардите за ревизија и Законот за ревизија во голема мера го диктираат форматот и содржината на извештајот на независниот ревизор кој вклучува мнение за објективното презентирање на финансиските извештаи на клиентот во сите материјални аспекти. Искусни партнери на ангажмани ги формираат сите ревизорски мненија врз основа на извршената ревизија.

При подготовката на извештаите на независниот ревизор, партнерите на ангажманот имаат пристап до обемни насоки за известување и техничка поддршка преку консултации со нашиот ОПП, особено во случаи каде што има значајни прашања кои треба да им бидат известени на корисниците на ревизорскиот извештај, (на

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

пр. модификација на мислењето или преку вклучување на параграф со “обрнување на внимание” или параграф со “останати прашања”).

### Суштинска, отворена и чесна двонасочна комуникација

Двонасочната комуникација со одговорните за управување, често идентификувани и како одбор за ревизија, е клучна за квалитетна ревизија и клучен аспект на известувањето и испораката на услугата.

Во КПМГ Македонија ја нагласуваме важноста на информираноста на одговорните за управување во врска со прашањата кои произлегуваат во текот на ревизијата и потребата да се слушнат и разберат нивните ставови. Ние го постигнуваме ова преку комбинација од извештаи и презентации, присуство на состаноци на одборот за ревизија или на бордот, и кога е соодветно, тековни неформални разговори со раководството и членовите на одборот за ревизија.

Комуникацијата со одборите на ревизија вклучуваат:

- Преглед на планираниот обем и време на ревизијата, кој вклучува комуникација за значајни идентификувани ризици
- Значајни наоди од ревизијата кои може да вклучуваат недостатоци во контролите и погрешни прикажувања
- Годишна писмена комуникација која наведува дека тимот на ангажманот и КПМГ Македонија се во согласност со релевантните барања за независност; ги опишува сите односи и други прашања помеѓу КПМГ Македонија и клиентот на ревизија, кои според нашето професионално расудување, може разумно да имаат влијание на независноста; и ги наведува заштитните мерки кои ние сме ги примениле за да се елиминираат (или да се намалат на прифатливо ниво) идентификуваните закани по независноста.

Ние се осигуруваме дека таквите комуникации ги исполнуваат барањата на професионалните стандарди.

Признавајќи ја тешката и важна улога што одборите за ревизија ја имаат на пазарите на капитал и предизвиците со кои тие се соочуваат при исполнување на нивните обврски, нашиот Институт за Одбори за Ревизија (“ИОР) има за цел да им помогне на членовите на Одборит за ревизија да се зголеми нивната свест, посветеност и способност за спроведување на ефикасни процеси во рамки на Одборит за ревизија. ИОР функционира во повеќе од четириесет земји низ целиот свет и им обезбедува на членовите на Одборите за ревизија авторитетни упатства (како што е Упатство за одбори за ревизија на ИОР) за прашањата од интерес за Одборите за ревизија, новини за прашања како што е реформа на ревизијата во ЕУ, промени во сметководствените стандарди и други прашања од интерес за Одборите за ревизија (како што се сајбер-безбедноста и корпоративната култура); и можноста да се поврзат со своите колеги во текот на обемна програма за технички надградби и информативни семинари.

Понудата на ИОР покрива низа предизвици со кои денес се соочуваат одборите за ревизија и бизнисите - од управувањето со ризици и новите технологии до стратегија и глобална усогласеност.

### Фокус на ефективноста на ревизии на групи

Методологија за ревизија на КПМГ, детално го опфаќа спроведувањето на ревизии на групи. Ние ја нагласуваме важноста на ефективна двонасочна комуникација меѓу тимот на ангажманот на групата и на поединечните ревизори, што е клуч за квалитетот на ревизијата. Партнерот на ангажманот за ревизија на група треба да ја оцени компетентноста на поединечните ревизори, без разлика дали станува збор за фирми членки на КПМГ или не, како дел од процесот за прифаќање на ангажманот.

Во мрежата на КПМГ се користи конзистентна методологија и алатки. На водечките партнери на ангажман им се обезбедуваат информации за ревизорите на фирмата-ќерка во рамките на мрежата на КПМГ за да им се помогне да ја оценат нивната компетентност и способности. Дополнително, за ангажмани според стандардите на РСАОВ (Одборот за надзор на сметководствено известување на котирани компании во САД), на водечките партнери на ревизорски ангажмани достапни им се резултатите од релевантните контроли на поединечните фирми-членки на КПМГ.

Водечките партнерите на ангажмани може да ја прегледаат документацијата на ангажманот на ревизорот на фирмата-ќерка, лично или да обезбедат електронски пристап.

Издадени се следните дополнителни упатства, обуки и материјали во оваа област:

- eAudIT вклучува насоки и функционалност врз основа на ревидираниот МСР 600 за групни ревизорски ангажмани и се посветува зголемено внимание на клучните области на ризик за групни ревизии, на пример, нови пазари и деловно опкружување, кои можат да бидат предмет на зголемен ризик од измама;

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

- Обуката за партнери и менаџери во 2017 година ги засили клучните принципи и барања за одговорност на групниот ревизор за работата извршена од страна на ревизорите на компонентите.

### 3.8.2. Доверливост кон клиентот, безбедност на информации и заштита на лични податоци

Важноста на одржувањето на доверливоста на клиентите е нагласена преку различни механизми, вклучително и преку редовни комуникации на таа тема, Кодексот на однесување, обука и процес на годишна изјава за независност, која сите наши професионалци треба да ја пополнат.

Ние имаме формална политика за чување на документи во однос на периодот на чување на ревизорска документација и друга евиденција важна за ангажманот во согласност со барањата на IESBA, како и другите применливи закони, стандарди и регулатива.

Ние имаме јасни политики за безбедноста на информациите кои покриваат широк спектар на области. Политиките за заштита на личните податоци го регулираат третманот на лични податоци и поврзаната обука е задолжителна за сите вработени во КПМГ Македонија.

Ние сме посветени на обезбедување сигурна и безбедна средина за личните податоци и доверливите информации што ги поседуваме, како и за заштита на приватноста на нашите клиенти, добавувачи на услуги и други останати страни.

Во рамките на Одделот за управување со квалитет и ризик, Друштвото има назначено национален офицер за ИТ безбедност (NITSO), кој го има неопходното овластување, вештини и искуство за да ја спроведе функцијата за заштита на информациите.

Нашите барања за заштита на информациите се наведени во Глобалната политика за безбедност на информации објавена од КПМГ Интернешнл. Следењето на усогласеноста со овие стандарди и политики се спроведува преку нашата внатрешна програма за ревизија на безбедноста на информациите и е дополнета со годишни проверки од страна на Глобалната група за заштита на информации.

Ние веруваме дека секој има улога во заштитата на клиентот и доверливите информации. Политиките и практиките се доставуваат до сите вработени и како што е соодветно, се зајакнуваат преку давање насоки, запознавањеи обука. Воспоставени се политики за заштита на личните податоци и безбедност на информациите со кои се уредува ракувањето со лични и доверливи информации.

## 3.9 Заложба за континуирано усовршување

Ние сме посветени на постојано подобрување на квалитетот, конзистентноста и ефикасноста на нашите ревизии. Интегрираните програми за мониторинг на квалитетот и усогласеноста им овозможуваат на фирмите членки да идентификуваат недостатоци во квалитетот, да вршат анализа на основните причини и да развиваат, имплементираат и известуваат корективни акциони планови, како во однос на поединечни ревизорски ангажмани, така и во однос на системот за контрола на квалитет на фирмите-членки. Интегрираната програма на КПМГ Интернешнл за мониторинг на квалитетот ја вклучува Програмата за контрола на работата (Quality Performance Review - QPR), Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик (Risk Compliance Program - RCP) и Глобална програма за прегледи на усогласеност (Global Compliance Review - GCR).

Програмите за мониторинг на квалитетот и усогласеност се администрираат на глобално ниво и се конзистенти во нивниот пристап низ фирмите-членки, вклучувајќи ја природата и степенот на тестирање и известување. КПМГ Македонија ги споредува резултатите на своите внатрешни програми за мониторинг со резултатите од програмите за надворешни проверки и превзема соодветни мерки.

### 3.9.1 Внатрешен мониторинг и програми за усогласеност

Нашите програми за мониторинг ја оценуваат:

- Спроведувањето на ангажманот во согласност со важечките стандарди, законски прописи и регулатива и политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл
- Усогласеноста на КПМГ Македонија со политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и релевантноста, соодветноста и ефикасното функционирање на клучните политики и процедури за контрола на квалитет.

Резултатите и поуките од интегрираните програми за мониторинг се внатрешно комуницирани и севкупните резултати и поуки од програмите се разгледуваат и се

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

превзема соодветно дејство на локално, регионално и глобално ниво. Нашата програма за внатрешен мониторинг исто така придонесува кон оценката дали нашиот систем за контрола на квалитет е соодветно дизајниран, ефективно имплементиран и дали ефективно функционира.

Од страна на КПМГ Интернешнл развиени се и имплементирани две програми за инспекција кои се спроведуваат годишно во одделите за Ревизија, Даночни и Консултантски услуги: QPR и RCP.

Покрај тоа, најмалку на секои три години, сите фирми-членки се опфатени со GCR програма во сите оддели. Учеството во QPR, RCP и GCR е услов за континуираното членство во мрежата на КПМГ.

## Преглед на квалитетот на работата на ревизија

Програмата за преглед на квалитетот на работата го оценува извршувањето на ниво на ангажмании идентификува можности за подобрување на квалитетот на ангажманите.

### Пристап заснован на ризик

Секој лидер на ангажмани се контролира најмалку еднаш во три годишен циклус. За селекција на ангажмани се користи пристап заснован на ризик.

КПМГ Македонија спроведува годишна програма на Преглед на квалитет на работата на ревизија, во согласност со инструкциите на КПМГ Интернешнл за Преглед на квалитет на работата на ревизија. Контролите се вршат на ниво на КПМГ Македонија и се мониторираат на регионално и глобално ниво. Прегледите на квалитетот на работата на ревизијата се надгледуваат од страна на постар искусен главен проверувач, независен од фирмата-членка.

### Избор на проверувач, подготовка и процес

Постојат обемни критериуми за избор на проверувачи. Тимовите за преглед вклучуваат постари искусни водечки проверувачи кои се независни од фирмата-членка каде се врши преглед.

Се обезбедува обука за тимовите за преглед и за останатите кои го надгледуваат процесот, со фокус на спорни прашања идентификувани од страна на регулаторите за надзор на ревизија и потребата да се биде исто толку ригорозен колку и надворешните проверувачи.

### Оценки од Преглед на квалитет на работата на ревизија

Се користат конзистентни критериуми за да се утврди оценка на ангажманот и проценки на практиката за ревизија на фирмата-членка.

Избраните ревизорски ангажмани за преглед се оценуваат како “Задоволителен”,”Потребно е подобрување на извршувањето” или “Незадоволителен”.

### Известување

Наодите од Прегледот на квалитет на работата на ревизија се доставуваат до професионалците на фирмите членки преку писмена комуникација, интерни алатки за обука, како и периодични состаноци на партнери, менаџери и вработени.

Овие области се исто така нагласени во последователните програми за контрола со цел да се измери степенот на континуирано подобрување.

Главните партнери за ревизорски ангажмани се известуваат за помалку од задоволителен (дефиниран како “Потребно е подобрување на извршувањето” или “Незадоволителен”) рејтинг на ангажманот на нивните прекугранични ангажмани. Покрај тоа, Главните партнери на глобалните клиенти за ревизија на матичните компании/главни седишта се известуваат кога подружница на нивниот групен клиент е предмет на ревизија од страна на фирма-членка каде што се идентификувани значајни прашања во однос на квалитетот во текот на прегледот на квалитетот на работата.

## Програма за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик

КПМГ Интернешнл развива и спроведува политики и процеси за контрола на квалитет кои се применуваат кај сите фирми-членки. Овие политики и процеси и процедурите поврзани со нив, ги вклучуваат и барањата од МСКК - 1. Во текот на годишниот преглед на усогласеноста, ние вршиме обемна програма за проценка која се состои од документирање на контролите и процедурите за квалитет, тестирање на усогласеност и известување за исклучоци, акциони планови и заклучоци.

Целите на Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик се:

- Да се следи, документира и оцени обемот на усогласеноста на системот за контрола на квалитет на КПМГ Македонија со Глобалните политики и клучните законски и регулаторни барања за квалитет и управување со ризик, кои се однесуваат на испорака на професионални услуги

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

- Да ја даде основата за КПМГ Македонија да може да оцени дали фирмата и нејзините вработени се усогласени со релевантните професионални стандарди и важечките законски и регулаторни барања.

Кога се идентификувани недостатоци, од нас се бара да изготвиме соодветни акциони планови.

## Глобална програма за прегледи на усогласеноста

Секоја фирма-членка е предмет на  глобална програма за прегледи на усогласеноста спроведен од страна на  тим за преглед на КПМГ Интернешнл, независен од фирмата-членка, најмалку еднаш во 3 годишен циклус.

Програмата обезбедува независен надзор на нашата оценка за нашиот систем за контрола на квалитет, вклучително:

- Наша посветеност за квалитет и управување со ризик (ставот на врвот) и обемот во кој севкупната структура, управување и финансирање ја поддржува и зајакнува таа посветеност.
- Сеопфатноста и обемот на  нашата програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик на фирмата-членка,

Тимот на Глобалната програма кој ги врши прегледите на усогласеноста е независен од КПМГ Македонија, објективен и со познавање на Глобалните политики за квалитет и управување со ризик.

Ние развиваме акциски план за да одговориме на сите наоди на глобалната програма за прегледи на усогласеноста и тимот на Глобалната програма. Нашиот напредок според акцискиот план се следи од страна на централниот тим на Глобалната програма за прегледи на усогласеноста.Резултатите се известуваат до Глобалната раководна група за квалитет и управување со ризик и кога е неопходно, до соодветното раководство на КПМГ Интернешнл и регионалното раководство, за да се помогне да се обезбедат навремени активности за корекција од страна на фирмата-ченка..

## Анализа на основни причини (Root Cause Analysis)

КПМГ Македонија врши анализа на основни причини за идентификација и решавање на прашања за квалитет на ревизијата со цел да ги спречи да се повторуваат и да помогне да се идентификуваат добрите практики во рамките на континуирано подобрување. Во 2017 година, обуката врз основа на нашите Глобални принципи за анализа на основни причини во 5 чекори, ја посетуваа оние поединци кои ќе вршат анализа на основни причини или насочување на оние кои ќе вршат таква анализа во КПМГ Македонија. Обуката обезбедува заедничка платформа за унапредување на практики и вештини поврзани со ресурси, планирање и вршење на анализа на основни причини.

Глобалните принципи за анализа на основни причини во 5 чекори се следните:

## Анализа на основни причини




Одговорност е на фирмите-членки да вршат анализа на основни причини и со тоа да идентификуваат, а потоа да развијат соодветни планови за корекција на идентификуваните прашањата за квалитетот на ревизијата.

Раководителот на ревизија во КПМГ Македонија е одговорен за развој и спроведување на акциони планови како резултат на анализата на основни причини, вклучувајќи идентификација на одговорните лица за спроведување на решението. Партнерот за управување со ризици ја следи нивната имплементација.

Во текот на минатата година значително ја зголемивме формалноста на анализа на основни причини. Анализата е изведена од тим обучен за нашата Глобална методологија за анализа на основни причини во 5 чекори и независен од тимот на ангажманот.

Исходот од овој процес е зголемена видливост на основните фактори на ниво на ангажман што ја попречуваат конзистентната испорака на висококвалитетни ревизии. Оваа подобрена видливост ни овозможува да развиеме посуштински и пофокусирани активности. Овие активности вклучуваат повеќе од обука, алатки и упатства и се дизајнирани да ги опфатат прашањата за поведение и структурни прашања во области како што се техничко знаење и распределба на работата.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

### 3.9.2 Препораки за подобрување

На глобално ниво, преку Глобалниот совет за прашања поврзани со квалитетот на ревизијата (Global Audit Quality Issues Council – GAQIC) и Глобалната група за управување со квалитет и ризик (Global Quality & Risk Management Steering Group - GQRMSG), КПМГ Интернешнл ги контролира резултатите од програмите за следење на квалитетот, ги анализира основните причини и акциони планови на фирмата членка и доколку е потребно, развива дополнителни глобални активности.

GAQIC ги разгледува прашањата низ целата мрежа кои произлегуваат од внатрешните прегледи на контрола на квалитетот и надворешните инспекции, го следи напредокот во решавањето на прашањата за квалитетот на ревизијата и дава препораки до Глобална управна група за ревизија (Global Audit Steering Group - GASG) за прашањата за квалитетот на ревизијата.

До денес, Глобалните планови за корекција развиени од КПМГ Интернешнл беа насочени кон менување на културата и поведението во мрежата на КПМГ и кон поттикнување на конзистентно извршување на тимот на ангажманот во рамките на фирмите-членки на КПМГ. Плановите за корекција се спроведуваат преку развој на глобални обуки, алатки и упатства со цел да се поттикне конзистентноста, да се обезбедат вистинските основи и да се споделуваат на најдобрите практики низ мрежата.

### 3.9.3 Надворешни повратни информации и дијалог

#### Регулатори

Како дел од контролата на квалитет и барањата за транспарентност во ревизорската пракса, КПМГ Македонија води список на субјекти каде е извршена ревизија од страна на друштвото за финансиската година која завршува на 31 декември 2017 година. Списокот е даден во Прилог 1 на овој извештај: Список на субјекти над кои е извршена ревизија заклучно со 31 декември 2017 година.

Во Република Македонија, Комисијата за контрола на квалитетот при Институтот за овластени ревизори на Република Македонија („Комисијата") спроведува независни контроли.

Во месец октомври 2014 година беше извршена проверка за уверување на квалитетот на Друштвото согласно член 20 од Законот за ревизија. Предмет на извршената контрола беше работењето на Друштвото за 2013 година. Контролата е извршена во согласност со планот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за проверки за 2014 година.

КПМГ Интернешнл има редовна двонасочна комуникација со Меѓународниот форум на независни регулатори за ревизија (IFIAR) со цел дискусија за наодите за квалитет на ревизија и активности превземени за решавање на ваквите прашања на ниво на мрежа.

#### Повратни информации од клиенти

Ние активно бараме повратни информации од клиентите, преку лични разговори и истражувања направени од трети страни, за следење на нивното задоволство од извршените услуги. Ние настојуваме да ги искористиме овие повратни информации и да направиме динамични промени, како на ниво на ангажман, така и на ниво на Друштво за да ги исполниме барањата на клиентите.

#### Следење на забелешки

Ние имаме процедури за следење и одговор на примени забелешки кои се однесуваат на квалитетот на работата. Овие процедури се претставени во нашите општи насоки на деловно работење.

#### Други оценки на квалитет на ревизија

Ние исто така имаме усвоено дополнителни процеси за оценка на квалитет на ревизија како што се преглед на финансиските извештаи на клиентот пред издавање и тековен преглед на ревизорските ангажмани.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Финансиска информација

**Секција 4**

КПМГ Македонија ги извршува следните ревизорски услуги на пазарот:

- Ревизија на финансиски извештаи;
- Ревизија на годишни сметки;
- Ревизија на известувачки пакети;
- Проверка на известувачки пакети;
- Проверка на финансиски извештаи
- Договорени постапки и други ангажмани поврзани со ревизија.

Подолу е презентирана финансиската информација за сеопфатните приходи на КПМГ Македонија ДОО Скопје за годината завршена на 31 декември 2017 година и 31 декември 2016 година структурирана по вид на услуги кои ги нуди Друштвото.

| Услуги | 2017 Приходи во МКД '000 | 2016 Приходи во МКД '000 |
|---|---|---|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 40.893 | 46.048 |
| Дополнителни услуги на уверување на квалитет | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 1.735 | 2.340 |
| Вкупно | 42.628 | 48.388 |

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Надоместок за Партнерите информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

**Секција 5**

Системот за надоместок на партнерите се базира на заедничките принципи усвоени од страна на Регионалниот одбор на КПМГ во Централна и Источна Европа и е дизајниран да ги одрази индивидуалните одговорности и искуство на партнерот, нивната улога во управувањето со професионални практики и фирмата во целина, како и локалните услови на пазарот. Целите поставени на секој партнер ги опфаќаат и финансиските показатели и резултати, како што се пораст на приходите и профитабилноста, како и квалитетот на работата и квалитет на услугите, лидерство и усогласеност со вредностите на друштвото.

Целниот надоместок на Партнерот се утврдува од страна на Раководниот Партнер во консултација со Претседателот на Одборот на КПМГ во Централна и Источна Европа. Надоместокот се состои од  два елементи:

- Основна компонента – Ова е наградата утврдена како дел од буџетираните добивки на друштвото. Износот на основната компонента ја одразува улогата и сениорноста на секој партнер; и
- Профитна компонента поврзана со реализација – ја одразува реализацијата на партнерот во текот на годината во однос на претходно поставените индивидуални цели, оние на релевантната функција и неговиот/нејзиниот придонес за развој на фирмата.

Износот на профитната компонента поврзана со реализација кој се доделува на крајот на финансиската година зависи од реализацијата на партнерот и зависи од достапност на расположлива добивка.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Организација на мрежата

**Секција 6**

## КПМГ ИНТЕРНЕШНЛ ВОСПОСТАВУВА И ГО ОЛЕСНУВА СПРОВЕДУВАЊЕТО И ПРИДРЖУВАЊЕТО КОН УНИФИЦИРАНИ ПОЛИТИКИ И СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА

### 6.1 Правна структура

Независните фирми-членки на мрежата на КПМГ се асоцирани со КПМГ Интернешнл, швајцарски кооператив кој е правно лице формирано според швајцарскиот закон.

КПМГ Интернешнл врши деловни активности за севкупна корист на мрежата на фирмите членки на КПМГ но не обезбедува професионални услуги за клиенти. Професионални услуги за клиенти исклучиво се обезбедуваат од страна на фирмите членки.

Мрежата на КПМГ на глобално ниво дејствува во 154 земји во светот преку 743 канцеларии со околу 200,000 вработени. Вкупниот приход на КПМГ мрежата на глобално ниво за 2017 година изнесува 26,40 милијарди УСД[3] .

Една од главните цели на КПМГ Интернешнл е да овозможи обезбедување на висококвалитетни ревизорски, даночни и советодавни услуги од страна на фирмите-членки на нивните клиенти. На пример, КПМГ Интернешнл воспоставува и го олеснува спроведувањето и придржувањето кон единствени политики, стандарди за работа и поведение на фирмите-членки и го штити и го подобрува користењето на името и заштитниот знак на КПМГ.

КПМГ Интернешнл е лице кое е правно одделено од секоја фирма-членка. КПМГ Интернешнл и фирмите-членки не се глобално партнерство, заедничко вложување, или однос на главен и застапник, или во партнерски односи едни со други. Ниту една фирма-членка нема било какво овластување да го обврзе или врзе КПМГ Интернешнл или било која друга фирма членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл нема такво овластување да обврзе или врзе било која од фирмите членки. Повеќе информации за мрежата на КПМГ може да се најде во Меѓународниот Годишен Извештај за 2017 година.

### 6.2 Одговорности и обврски на фирмите-членки

Според договорите со КПМГ Интернешнл, фирмите-членки се обврзани да ги почитуваат политиките и регулативите на КПМГ Интернешнл, вклучувајќи ги стандардите за квалитет кои регулираат како тие функционираат и како тие обезбедуваат услуги на клиентите за да можат ефективно да конкурираат. Ова вклучува структура на фирмата која обезбедува континуитет и стабилност и може да усвои глобални стратегии, да споделува ресурси (влезни и излезни), да ги услужува мултинационалните клиенти, да управува со ризик и да ги примени глобалните методологии и алатки.

Секоја фирма-членка презема одговорност за нејзиното управување и за квалитетот на нејзината работа. Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички сет на Вредности на КПМГ.

Активностите на КПМГ Интернешнл се финансираат од износи платени од фирмите-членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор и доследно се применува на фирмите-членки. Статусот на фирмата како фирма-членка на КПМГ и нејзиното учество во мрежата на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, не е во согласност со политиките и регулативите поставени од КПМГ Интернешнл или со кои било други обврски кон КПМГ Интернешнл.

[3] Финансиска 2017 година: 1 октомври 2016 – 30 септември 2017

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

## 6.3 Осигурување од професионална одговорност

Се одржува значителен степен на покриеност со осигурување од професионална одговорност. Покриеноста обезбедува територијална покриеност на светско ниво и главно е преку заеднички осигурител кој е достапен за сите фирми членки на КПМГ.

## 6.4 Раководна структура

Клучните органи на управување  на КПМГ Интернешнл се Глобален Совет, Глобален Одбор и Глобален Менаџмент Тим. Повеќе детали за раководната структура на КПМГ Интернешнл може да се најде во Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2017 година.

## 6.5 Регионални Лидери за квалитет и управување со ризик

Глобалниот Раководител за квалитет, ризик и регулатива назначува Регионални лидери за Квалитет и управување со ризик кои:

- Ја оценуваат ефективноста на напорите за квалитет и управување со ризик на фирмата-членка во насока на идентификување и ублажување на значителните ризици за фирмата-членка и мрежата, и активно следење на усогласеноста со глобалните стратегии и приоритети за квалитет и управување со ризик
- Ги споделуваат најдобрите водечки практики за квалитет и управување со ризик
- Известуваат до Глобалниот Раководител за квалитетот, управување со ризик и регулатива

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Изјава од Раководството на КПМГ Македонија ДОО за ефективност на контролите за квалитет и независност

**Секција 7**

Мерките и постапките кои служат како основа за системот за контрола на квалитет за КПМГ Македонија наведени во овој извештај, имаат за цел да дадат разумен степен на уверување дека законските ревизии извршени од страна на нашето Друштво се во согласност со важечките закони и прописи.

Поради својствени ограничувања, системот за контрола на квалитет не е наменет да обезбеди апсолутна сигурност дека неусогласеностите со соодветните закони и прописи ќе бидат спречени или откриени.

Раководството на КПМГ Македонија ги разгледа:

- Дизајнот и функционирањето на системите за контрола на квалитет како што се опишани погоре
- Наодите од разновидните програми за усогласеност применети од страна на нашето Друштво (вклучувајќи ги Програмите за Контрола на квалитет на КПМГ Интернешнл опишани во делот 3.9.1 Внатрешен мониторинг и програми за усогласеност); и
- Наодитеод  контроли на регулаторот и последователното следење и/или корективни активности.

Земајќи ги сите овие докази заедно, Раководството на КПМГ Македонија потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2017 година.

Воедно, Раководството на КПМГ Македонија ДОО изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ Македонија и сите вработени во КПМГ Македонија и дека овие процедури доследно се спроведени.

Потпишаната Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет на КПМГ Македонија и независноста е дадена како Прилог 3 кон овој извештај.




**Скопје, 30 Март 2018 година**

**Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
**Управител Гордана Никушевска**

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки  се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Прилози: Прилог 1. Субјекти над кои е извршена ревизија заклучно со 31 декември 2017 година

Списокот на субјекти на кои зависно од типот на ангажманот беше извршена законска, договорна или законска и договорна ревизија и на кои е издаден извештај на независниот ревизор од страна на нашето Друштво во текот на 2017 година е даден подолу.

АВТ Интернационал ДООЕЛ, Скопје

Аџибадем Систина Медикал Компани, Скопје

ВБИ Бус Македонија Дооел

Винер Лајф – Виена Иншуренс Груп АД Скопје

Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје

Граве Осигурување АД Скопје

Гудмарк Гроуп ДООЕЛ

ДММ ДРЕКСЛМАЈЕР МАНУФАКТУРИНГ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

ЕВН Македонија Електроснабдување

ЕВН Електростопанство на Македонија АД, Скопје

ЕВН Македонија Електрани

ЕВН Електродистрибуција

ЕВН Македонија Холдинг

ЕВН Трејдинг

Ендава ДООЕЛ Скопје

EOS Матрих ДОО, Скопје

Жито Лукс

ИМБ Млекара АД, Битола

Инсајд девелопмент

Интернационален Картичен Систем АД, Скопје

Капитал Банка

КБ Прво пензиско друштво

Клиничка Болница Аџибадем Систина, Скопје

Комерцијална банка АД, Скопје

Костал Македонија

Крка Фарма ДООЕЛ, Скопје

ЛТХ Леарница ДООЕЛ, Охрид

Лукоил Македонија ДООЕЛ, Скопје

Макгас

Макстил АД, Скопје

Маркарт Македонија

МВМ Партнер

Месер Вардар Техногас ДООЕЛ, Скопје

МП Медиа

Нестле Адриатик

Њу Јоркер Македонија ДООЕЛ Скопје

Осигурување Македонија АД Скопје

Подравка ДООЕЛ ,Скопје

ПроКредит Банка

Рош Македонија

Силк Роуд Банка АД Скопје

Соравиа Инвест

СЦМ Ретаил Дооел Скопје

ТАВ Македонија

ТЕ-ТО АД Скопје

Универзал медиа ДООЕЛ Скопје

Фондација Отворено Општество-Македонија, Скопје

Фукс Мак

Халк Банка АД Скопје

Џонсон Мети ДООЕЛ, Скопје

Штедилница Можности ДОО Скопје

*Напоменуваме дека кај дел од погоренаведените субјекти беше извршена само законска или само договорна ревизија, додека кај одредени субјекти беше извршена и законска и договорна ревизија.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Прилог 2. Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени

Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје потврдува дека во текот на 2017 година ја применуваше политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени преку извршување на соодветни технички обуки.

Воедно, Раководството изјавува дека овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институтот на овластени ревизори на РМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.




**Скопје, 30 Март 2018 година**

**Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
**Управител Гордана Никушевска**

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Прилог 3. Изјава на Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност

Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2017 година.

Воедно, Раководството на КПМГ Македонија ДОО Скопје изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ Македонија ДОО Скопје и сите вработени во КПМГ Македонија ДОО Скопје, и дека овие процедури доследно се спроведени.




**Скопје, 30 Март 2018 година**

**Во име на КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
**Управител Гордана Никушевска**

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Вредности на КПМГ

**Ние водиме преку пример** нна сите нивоа на начин кој јасно покажува што можеме да очекуваме еден од друг и од сите наши клиенти.

**Ние работиме заедно** да го дадеме најдоброто од себе и градиме успешни работни односи.

**Ние ја почитуваме личноста** за тоа што е, за нејзиното знаење, вештини и искуство како личности и како дел од нашиот тим.

**Ние бараме факти и даваме увид** преку преиспитување на претпоставките и барање на фактите, за да дадеме увид како доверливи и објективни деловни консултанти.

**Ние сме чесни и отворени во нашата комуникација** и навремено и конструктивно ги споделуваме нашите информации, знаења и совети и конструктивно се справуваме со тешките ситуации со храброст и искреност.

**Ние сме посветени на нашите заедници** да постапуваме како одговорни корпоративни граѓани и ги прошируваме своите вештини, искуство и перспективи преку работа во нашите заедници и заштита на околината.

**Интегритетот** е критична карактеристика која што заинтересираните страни ја очекуваат и се потпираат на неа. Затоа пред сè, постапуваме со интегритет и постојано се стремиме да ги почитуваме највисоките професионални стандарди, да обезбедиме добар совет и ригорозно да ја одржуваме нашата независност.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

**КПМГ Македонија ДОО Скопје**

Филип Втори Македонски 3

Соравиа Центар Скопје, 7 кат

1000 Скопје, Република Македонија

Тел.: + 389 (2) 3135 220

Факс: + 389 (2) 3111 811

**mk-office@kpmg.com**

**kpmg.com/mk**

Презентираните информации се од општа природа и не се наменети за потребите на одредено лице или претпријатие. И покрај нашите настојувања да обезбедиме точна и навремена информација, не постои гаранција дека таквата информација е точна во моментот кога истата е примена, ниту пак дека ќе биде точна во иднина. Врз основа на презентираните информации не треба да се превземаат конкретни чекори без добивање на соодветен професионален совет базиран на темелно испитување на дадената ситуација.

© 2018 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.